СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА (29) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 2. XI. 1995 г.**

1.АРСОВСКИ БРАНКО 72
2.АЈДАРЕГ АГАЗМЕНД 59
3. АБДИ ФАИК 67
4. БОЈКОВ ИВАН 103, 106
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ 55, 111
6. ДИМОВ ЛАЗАР 87, 89
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 90
8. ДИМИШКОВСКИ ДИМИТАР 110, 115
9. ДАВЧЕВ САНДЕ 117, 120
10. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 34, 36
11. КОЦЕВСКИ АЦЕ 29
12. КАРОВ ИЛИЈА 38
13. КОТЕВСКИ СЛАВКО 51
14. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 130
15. МИЉОВСКИ ЈАНЕ 12, 19, 22, 77, 81, 93, 101, 109
16. МЕШКОВ ЉУПЧО 94
17. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 100, 107
18. ОСМАНИ РУФИ 43, 45, 91
19. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)
20. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 22, 28, 125
21. ПАУНОВ ТОДОСИЕ 39, 114, 118, 120
22. ПЕЦОВ МИРКО 69, 70
23. ПОПОВСКИ ДИМИТАР 76, 108
24. ПОПОВСКИ НИКОЛА 122
25. ПАВЛОВ БОРИС 126
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМОСЛАВ 64, 94, 95
27. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 85
28. СТОЈКОВ БЛАГОЈА 102
29. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 114, 127
30. ТРАЈКОВ МИЛЧО 6
31. ТАНТАРОВ ВЕЉО 6
32. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 51, 54
33. ТАИРИ МЕВЉАН 62, 63
34. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 70
35. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 8
36.ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР 21, 22, 106

ДНЕВЕН РЕД-СТР.4
ИЗМЕНА НА ДНЕВЕН РЕД-стр.9
Т.1-стр.10; Т.2-стр.12;
Т.3-стр.109; Т.7-стр.124;
Т.11-стр.109; Т.12-стр.121;
Т.13-стр.122; Т.14-стр.124;
Т.15-стр.128; Т.16-стр.128;
Т.17-стр.129; Т.18-стр.129;
Т.19-стр.131; Т.20-стр.132;
Т.21-стр.132; Т.22-стр.133;
Т.23-стр.134;

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Дваесет и деветтата седница на Собранието** на Република Македонија, одржана на 2 ноември 1995 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Јане Ангелески, Игнатие Богдановски,Пеце Стојановски, Симон Наумоски и Благој Стефановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Ве молам со едноминутно молчење да му одадеме почит на почитаниот потпретседател на Собранието на Република Македонија, господин Киро Поповски.

Слава му.

Согласно член 59 став 1 точка 5, од Законот за избор на пратеници, констатирам дека на пратеникот Киро Поповски му престанува мандатот.

I/2 ДВ/НД

Записниците од 20-тата, 27-та и 28-та седница на Собранието на Република Македонија, Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците.

(Нема).

Констатирам дека записниците од 20-тата, 2"-та и 28-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Пратеникот Симон Наумоски, го повлече предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија побара да се одложи од оваа седница предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Турција за взаемна заштита на инвестициите со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија, го повлече Предлогот на одлуката за донесување на посебен дел на просторниот дел на општина Прилеп за изградба на засолништа.

Пратеникот Никола Г. Поповски, достави нов текст на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на закон и го повлече претходно доставениот текст на овој закон.

Владата на Република Македонија согласно член 33 9 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување закон за ратификација на Статутот на Советот на Европа со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 33 9 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1995 година, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против?(2 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

I/4.-

1. Предлог за донесување закон за ратификација на Статутот на Советот на Европа, со Предлог на закон;

2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија, за 1995 година;

3. Предлог на закон за јавните собири;

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските престапи, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за претпријатијата, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачка дејност, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за денационализација;

10. Предлог за донесување на закон за ловот;

11. Предлог на одлука за определување бројот на судиите во апелационите судови;

12. Предлог на одлука за огласување и избор на судии на апелационите судови;

13. Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

14. Предлог за разрешување на судија во Општинскиот суд во Струмица;

15. Предлог на одлука за разрешување од функцијата јавен правобранител на град Скопје;

16. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на јавниот правобранител на град Скопје;

17. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија;

18. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска;

19. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија;

20. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за национална историја - Скопје;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија;

22. Предлог на одлука за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Народна и Универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје;

23. Предлог на одлука за давање согласност ка Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита Битола.

I/6.-

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитувани дами и госопда пратеници, почитуван претседавач, некаде од прилика од два месеци пратеникот Јован Николов и јас поднесовме барање до Владата да даде информација за еколошката состојба и загадувањето во однос на почвата и на водата во градот Титов Велес. До денес информацијата се уште не е ставена на дневен ред.

Барам на првата наредна седница и тоа не само во свое име, туку во име на 40.000 граѓани на Титов Велес, таа информација да биде ставена на дневен ред и по истата да биде водена расправа.

1. Дали ова не ставање значи продолжување на тишината од 1973 година наваму.

2. Секако се битни и еколошката состојба на нашите езера екологијата на флората и фауната, меѓутоа, дали во исто време не е битно и здравјето на 40.000 граѓани на Титов Велес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За ова ќе ја известиме Владата.

Има збор господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, во врска со дневниот ред што се нуди за оваа седница на Собранието на Република Македонија, предлагам точката 3, Предлог на законот за јавните собири да биде симната од предложениот дневен ред.

Во прилог на моето барање, денес да не се води расправа по овој предлог-закон ќе го дадам следното образложение:

Во нашата држава има над 300 илјади приватни земјоделци. Нивното постоење во стариот систем висеше и на небо и на земја. Тие по се она што се случуваше во периодот од 1945 до 1990 година на државата и служеа само за две цели: прво да и произведуваат евтина храна за работничката класа што беше организирана во разни социјалистички форми и низ дваесетина озаконети давачки да го полнат буџетот со средства за потребите на државата.

Овие состојби со приватните земјоделци во новиот систем споро се менуваат. Очекувањата дека во пазарното стопанство ќе бидат надминати селанските неправди, нема изгледи брзо да се решат.

Отсуството на развојот на визија за аграрот, непостоење на државен план за производство на храна и тоталната ориентација на нашата држава кон увоз на храна, незаштитеното домашно производство на храна, потоа спората исплата на цените што се гарантираат од страна на државата на земјоделските култури, исфрлањето на аграрното производство од банкарскиот систем и работата на аграрот во нов пазарен амбиент со закони од стариот систем, се позначајни причини за незадоволството односот на државата кон нашиве земјоделци.

Со новиот устав и земјоделците имаат право на јавно манифестирање на ваквите и други незадоволства со организирање на јавни собири. По примерите на Европа овие земјоделски собири се одржуваат на патиштата, што се место за најдобро и најбрзо реагирање на државата за решавање на нивните проблеми.

Сметам дека во нашата држава постојат асоцијации на приватните земјоделци, постојат здруженија на земјоделци тутунари виноградари,

I/8.-

имаме и синдикат на земјоделците во Кочани, па по овој закон треба да го слушнеме и нивното мислење. Од тие причини барам денес оваа точка да биде симната од дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Овој закон кој е денес на дневен ред ги уредува стандардните права на човекот за јавно собирање, на начин на кој ги прецизира одредбите кога тие се одржуваат и во кој ситуации тој јавен собир, што практично е уставно право може да биде прекинат.

Тој закон нема за намера да утврди посебни стандарди за користење на ова право на посебни еснафски организации, па во овој случај и земјоделските организации, ниту пак може да се направи ситуација во која за некоја од овие организации, значи еден дел од луѓето, еден дел од граѓаните на една држава важат посебни правила и би имале право, на пример, да ги кршат обврските кои државата ги презема по меѓународните конвенции, а тоа се однесува на дел од образложението кое е дадено. Оттаму Законот за јавни собири како закон кој на општ начин ги уредува го уредува начинот на користење на ова уставно право, мислам дека треба да остане во дневниот ред и по него пратениците да се изјаснат. Значи, сме против тој да биде симнат од дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Тантаров, молам да крене рака? (7 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(1).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на роковите за избор на судии, предвиден во Законот за судовите, предлагам 11, 12 и 13 точка од дневниот ред, односно Предлогот на одлуката за определување бројот на судиите во апелационите судови; Предлогот на одлуката за огласување избор дна судии во апелационите судови и за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија, да ги разгледаме после расправата по втората точка од дневниот ред, односно по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1995 година.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 )

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Со оглед на временската условеност за донесување на дел од актите што се на дневен ред на денешната седница, предлагам пратеничките прашања да ги поместиме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за предлогот молам да крене рака?(44 пратеници)

Дали е некој против? (4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **<u>точка 1</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Статутот на Советот на Европа со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Статутот на Советот на Европа.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седни да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница се претреси и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам општиот претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој ^бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74 пратеници)

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нико;)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Статутот на Советот на Европа.

II/1.- JJ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точка 2** - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1995 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

Дали можеби претставникот на Владата нешто има да каже.

Има збор министерот г-дин Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, почитувано претседателство, на денешниот дневен ред на Собранието како една од првите точки се најде Предлогот за ребаланс на Буџетот за 19 95 година. Не е ништо невообичаено да се разговара за ребаланс на Буџетот во последниот квартал на годината. Тоа е правено во нашава земја, а се прави и во голем број земји во светот. Ребалансот на Буџетот е едноставно операција која што постојано е наметната од потребата, планот, првобитниот буџет кој што е направен на почетокот на годината да се сообразно со движењата во текот на годината. Што значи предвидувањата да се сообразат со реалните движења на макроекономските агрегати и при крајот на годината да се изврши вакво усогласување. Секој буџет се прави врз база на одредени претпоставки и врз движењата на макроекономските агрегати во текот на една година. За жал, економи јата не развила инструменти со кои што може сосема прецизно да се предвидат движењата во економијата, туку инструментите на економијата овозможуваат само приближно да се одреди движењето на агрегатите. Така и ние сега разговараме за ребаланс на Буџетот што треба да го усогласиме со вистинските движења.

II/2.-

Сепак овој наш предлог не е сосема вообичаен затоа што овој пат ви предлагаме намалување на Буџетот а такво нешто, според мое сознание досега во Македонија не е предложено. Имено, ребаланси досега се правени секоја година и тоа повеќе пати во текот на годината. Најчесто тие ребаланси биле диктирани од потребите буџетските расходи да се усогласат со движењата на инфлацијата. И овој пат имаме слична причина, и овој пат потребата од ребаланс на буџетот е фактички сврзана со потребата тој да се усогласи со инфлацијата. Меѓутоа, правецот на прилагодувањето на Буџетот со инфлацијата, овој пат е сосема различен од изминатите години. Додека порано инфлацијата најчесто ги надминувала проектираните рамки и диктирала фактички прилагодување на Буџетот нагоре, овој пат заради тоа што инфлацијата се остварува и се оствари со далеку пониско ниво од она што го планиравме на почетокот на годината, тоа диктира промени во буџетот надолу.

Можеби е добро да ми дозволите да ве потсетам на основните премиси врз база на кои што беше изработен Буџетот за 1995 година, или пак на некои поинтересни елементи, имаше многу почетни претпоставки, меѓутоа на интересните би сакал да ги споменам.

Во изработката на Буџетот за 1995 година појдовме од почетната премиса, трошоците да останат на исто ниво како во 1994 година. Тоа се однесува се разбира и на приходите. Тоа фактички значеше, таквата определба дека износот на Буџетот што го имавме во 1994 година, можеше да се зголеми само за износот на инфлацијата кој што за таа година беше предвиден, во тој момент на ниво од 18%. Така и направивме. Таков буџет ви понудивме.

Освен усогласувањето на буџетот со инфлацијата во неговото конципирање појдовме и од неколку други цели што треба да се постигнат со буџетот, а тоа се дека еден значаен дел од буџетот скоро 30% фактички да одат како трошоци за структурните реформи. Всушност,

да ви кажам ова, не знам, можеби и јас не сум доволно информиран, не познавам друга земја во која што буџетот дава буџетски средства директно за реформите, онака како што тоа ние го правиме.

Друга појдовна основа беше да се оствари стабилизација во економијата, да се поддржат антиинфлационите мерки кои што беа од значење со контрола на девизниот курс, контрола на порастот на платите и со извесно смалување на буџетските расходи. Исто така една од појдовните основи беше општествениот производ да престане да опаѓа во 1995 година.

Понатаму како битни карактеристики морам да ги споменам уште и тие дека беше предвидено да се смали државниот долг кон странство делумно преку негова отплата а делумно преку негово репрограмирање.

Во анализата на она што е постигната во 1995 година Владата и меѓународниот монетарен фонд се практично сосема единствени, и се на мислење дека во стабилизацијата на економијата во 1995 година во Македонија се постигнати исклучителни резултати. Стапката на инфлацијата која што вкупно до почетокот на годината до септември изнесуваше 3,2%, е една најниските во светот. Сите други макроекономски агрегати се движат на нивото што беше предвидено во договорите меѓу Владата и ММФ. Овие постигнати резултати практично претставуваат извонредна основа и за водење на политиката во 1996 година.

Исто така, заедно со ММФ оценивме дека структурните реформи се одвиваат со предвиденото темпо, дека се постигнати значајни резултати дури и онаму каде што на почетокот постоеше извесна скепца дали ќе успееме да ги оствариме предвидувањата. Фактички, денес, можеме да оцениме дека она што беше предвидено се оствари. Единствено еден елемент во предвидувањата не се оствари, а тоа е порастот на општествениот производ. Имено, пред малку спомнав дека планиравме

општествениот производ да престане да паѓа, дури и предвидувавме да има извесен минимален раст, меѓутоа, оваа година кон крајот на годината очекуваме резултатите во оваа област да бидат фактички опаѓање на општествениот производ за 4%.

Ребалансот на Буџетот за оваа година го направивме на тој начин што сега ја коригиравме предвидената стапка на инфлација до крајот на годината и во договор со ММФ дојдовме до заеднички став дека инфлацијата оваа година не смее да биде повисока од 8%. Ова 8% можеби ви изгледа превисоко спрема оствареното од 3,2% до септември, меѓутоа, за вакво ниво на инфлација се договоривме, од една страна,за да го задржиме успехот што го постигнавме во стабилизирањето на економијата и во смирувањето на економските движења, а од друга страна во извесен степен колку што тоа ќе ни го дозволат макроекономските агрегати да овозможиме и малку порелаксирана состојба на стопанството и малку поблагопријатна состојба во која што ќе работи нашето стопанство.

Се разбира дека ребалансот на Буџетот е предизвикан и со смалување на смалените приходи што се остварени оваа година. Смалените приходи во оваа година, во најголем дел се резултат на ниската инфлација која што од своја страна предизвика практично цени еднакви како и минатата година. Значи не беше остварен пораст на цените а со тоа автоматски приходите во Буџетот што беа предвидувани повисоко останаа пониско.

Јас кажувајќи го ова не сакам ниту малку да заборавам и никој од нас не смее да заборавиме дека постоеја и постојат, постојано постојат обиди да се избегне плаќањето на данок. Владата ка ваквите обиди мораше да реагира со промена на дел од законите сто ја регулираат даночната област и на кои што ова Собрание пред кратко време им даде поддршка и ги усвои.

II/5.-

Смалувањето ан приходите што резултираат и со потребата од ребаланс на Буџетот, практично изнесува 16,6%. Смалувањето на приходите, уште еднаш да повторам а со тоа и смалувањето на Буџетот практично изнесува 16,6%. Ова га. кажувам заради тоа што читањето на образложението може да ве заведе во некои ставки, таму се на поинаков начин сметани одредени бројќи. Се разбира колку што ќе се смалат приходите мора да се смалат и трошоците и таков избалансиран буџет ви нудиме.

Меѓутоа, веројатно за пратениците не е потполно сеедно како ова смалување од 16,6% на трошоците е расподелено по одделни сектори по поедини раздели од Буџетот и одделни министерства.

Министерството за финансии предлагајќи го текстот на Владата појде од повеќе премиси, меѓутоа најважната беше да ја избегнеме арбитрерноста од наша страна како министерство за финансии во смалувањето на трошоците за одделни раздели. Тоа значи смалувањето на трошоците да оди во принцип што е можно по подеднакво по сите министерства. Меѓутоа, ние се обидовме смалувањето на трошоците да го распоредиме по министерства и со оглед на нивната функција и на веќе преземените обврски. Значи постојат одредени позиции кои што независно од она на кое министерство припаѓаат, беа повеќе смалени отколку другите. Тука појдовме од смалувањето на поедини програми, и тоа, пред се за оние за кои што имавме сознание до овој месец не се направени трошоците и дека до крајот на годината нема да успеат да ги потрошат предвидените средства во Буџетот. Остатокот откако ги издвоивме овие каде што имавме сознанија дека може да се остварат определени заштеди, а тоа се покрупни програми, остатокот беше рамно мерно расподелен на сите други министерства.

До утврдувањето на вкупното ниво на приходите кои што може да се очекуваат до крајот на годината се дојде преку утврдување на просечниот приход по квартали во оваа година, со тоа што за последниот

квартал предвидовме зголемување на приходите за 20%. Ние сметаме дека ваквото зголемување на приходите при крајот на годината ќе се оствари од две причини и тоа, прво заради тоа што последниот квартал секогаш економски е најактивен, меѓутоа, и пред се, и заради тоа што промените во даночната сфера што ги направивме во втората половина од годината, сметаме дека ќе ги дадат своите резултати токму во последниот квартал. Помалку од 20% веројатно би било препесимистичко а повеќе од 20% би било преоптимистичко.

Во анализата на приходите и на расходите, веројатно, Парламентот ќе биде заинтересиран да добие и подетални информации. Тие сосема детално се дадени во образложението, меѓутоа јас сакам некои од нив да ги споменам поединечно.

Морам да кажам дека при опаѓањето на приходите иако кај сите од нив забележуваме одредено паѓање немаат еднакво значење и дека најголемо значење опаѓањето на приходите е во акцизите. Значи тука имаме најголемо потфрлање и веќе реков се обидуваме тоа да го спречиме на тој начин што акцизите ќе се наплаќаат автоматски при самото минување на граничната линија.

Понатаму не би навлегувал во детали, а ние направивме анализи на смалувањето на приходите, меѓутоа смалувањето на приходите предизвика и смалување на расходите. Тука би истакнал прво неколку групи каде што е извршено смалување на расходите.

Прво се јави смалување на платите и на надоместоците. И тука морам да го истакнам амалувањето и бришењето на таканаречениот К-15 или надоместок за годишен одмор за буџетските корисници. Неговото смалување имаше две причини. Една беше сигурно да се оствари одредена заштеда во трошоците на Буџетот, меѓутоа друга беше инсистирањето на сите меѓународни институции овој вид додаток на примања полека да се бришат и дека треба фактички примањата да се покажуваат како една целина. Јас можам само да ви кажам дека ниту јас

ниту било кој до моите соработници беше среќен ова што го правиме, меѓутоа, едноставно немавме друг избор. Износот од овие средства, од друга страна, беше предвиден да се употреби за решавањето на проблемите околу откупот на пченицата кој што исто така од своја страна ќе предизвикаше други сериозни проблеми во оваа држава. Бришани се како позначајна ставка средствата за берзата за земјоделски производи кои не беа потрошени досега, не заради тоа што сметаме дека не е тоа потребен проект, напротив, туку сметаме дека трошоците за неа токму во овие два месеци до крајот на годината нема да се направат а ако Министерството за земјоделство инсистира на тој проект, во што сум убеден, апсолутно ќе се најде во Буџетот на следната година и јас верувам ќе успееме да ја оствариме оваа програма.

Исто така значително смалуваше на расходите имаме кај Програмата за стоковни резерви. Меѓутоа ова се да речам поинтересни точки каде што смалувавме. Ако пак гледаме по износи, тогаш најголем износ имаме и кај следните ставки и тоа пред се програмот на СИЗ-от за патишта каде смалувањето изнесува 450 милиони денари, кај гасификацијата каде има смалување за 400 милиони и кај изградбата на железницата каде имаме смалување од 1.275 милиони денари. Јас би скал овде да истакнам дека смалувањето на овие позиции во Буџетот во никој случај не значи наша определба е дека треба да се откажеме од било која програма од овие. Напротив, сите овие програми остануваат наши приоритети, а тоа особено важи за железницата спрема Бугарија. И покрај нормализацијата на односите со Грција која што почна да се остварува овие денови и која веројатно ќе добива на темпо, сепак сметаме дека изградбата на железницата е од стратешко значење за Македонија.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (продолжение)

И, оттука овој програм ќе претставува значаен дел на Буџетот во следната година. Што значи пак тогаш смалување на средствата за изградба на железницата о.г. Тоа значи дека само за овие два месеци кои останаа до крајот на годината сметаме лека нема да има потреба да се исплати затоа што Буџетот веќе исплати се она за што доби пресметки дека се завршени работите. Во последниве два месеци може да се направи извесно релаксирање, да речам,во трошењето на средства, после тоа нормално ќе продолжи од 1 јануари следната година. Се разбира, тоа се однесува и на патиштата, кај гасификацијата во контакти со надлежните утврдивме дека тие средства нема да се потрошат до 1 јануари следната година и заради тоа и кај овој програм извршивме смалување, меѓутоа исто така го сметаме за еден од најважните програми. Е, сега, јас верувам дека кај секој од за ќе се јави желба за поинакво распоредување на средствата и тука би сакал да ви обрнам внимание на еден факт кој што и за нас во Владата кога дискутиравме како министри претставуваше извесно ограничување. Секој од нас мисли дека една работа е поважна од друга, луѓе доаѓаат од разни сфери, имаат разни предлози.

Она што за нас е многу цврсто како задача е следното: 8,8 милијарда денари мора да изнесува смалувањето на Буџетот. Јас би сакал тогаш да Ви обрнам внимание на секое предлагање некаде да не се изврши смалување мора да резултира со предлагање од каде да смалиме и практички ова Собрание да се согласи дека треба од таа ставка да се земе а да се додаде на другата. Да бидам искрен, мислам дека крајно непозитивно, непродуктивен начин на договарање и јас само сакам уште еднаш да Ви обрнам внимание до крајот на годината имаме два месеци. Ако оствариме повисоки приходи ќе можеме да се вратиме на односите од стариот Буџет, тука нема да има големи проблеми,

III/2.-

меѓутоа практично значи само за два месеци значи извесно затегнување на каишот, извесно штедење.

На крајот би сакал да истакнам уште нешто. Некој од вас може би ќе се праша дали со овој ребаланс на Буџетот кој што ние го предлагаме треба да сме задоволни или незадоволни. Мислам дека одговорот не е едноставен. Сигурно дека има елементи кои што можат да поттикнат едно чувство на незадоволство, меѓутоа секогаш се јавува кога предвидените расходи не можат да се направат кога мораме да се откажеме од дел од она што сме го планирале во трошоци.

Од друга страна мораме да имаме на ум дека смалувањето е пред се направено заради постигање на исклучителни резултати во стабилизацијата кои што дури, еве јас говорам за себе, дури и самиот во моите најоптимистички мечтаења не сум можел да замислам дека можеме да ги постигнеме. Ако имаме на ум дека проблемите на финансирањето на државата, овој пат, за прв пат, не се реагираа со печатење на пари, не се реагира со емисии, не се реагира со зголемување на долгот на државата туку со сведување на расходите во рамките на приходите покажува една квалитативна промена која што е извршена во Македонија. Покажува во кој степен се смени филозофијата во нашата земја покажува една филозофија која што и Владата, меѓутоа и овој парламент практично ја следат, многу упорно и покрај сите тешкотии, а тоа е филозофијата дека она што не е заработено и што не е наплатено не може да се троши. Тоа дава сосема нов квалитет на економските односи во нашата земја и говори колку сериозно во Републиката се сфаќаат реформите кои што ние заедно ги правиме.

Сега, на крајот, со молба до вас, да го прифатите овој ребаланс на буџетот кој што Владата Ви го предлага, ви се заблагодарувам на вниманието.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Јас имам две работи кои би сакал да ги кажам за ребалансот на буџетот за 1995 година. Во финансирање на дејностите од областа на културата има четири грешки, и тоа големи грешки, има податоци кои не се точни, а на печатење се. Има податоци кои цела година на некој начин настојувам да обрнам внимание дека нешто е погрешно презентирано, но тоа некако доаѓа во ситуација дека ние од културата многу повеќе зборуваме отколку што треба. Конкретно, овде стои дека во ставка 43 и 47 меѓународна соработка, нема никакво намалување стои дека нема намалување во издавачката дејност, стои лека нема намалување во филмската дејност, нема сценско уметничката дејност, со овој преглед што ни е нас доставен, тоа е точно, но во некој до говор меѓу Министерството за финансии и Министерството за култура уште во стартот се намалени по 5 милиона на сите овие четири станки. Така да, за информацијата на луѓето од културата дека фактички филмската дејност не работи со 61 милион туку со 56 милиони и процентот на намалувањето во вкупната сума се зголемува уште повеќе, така да има погрешни податоци кои ќе направат забуна кај луѓето од културата. Тоа е едната работа;

и втората работа е културата не добива четири месеци средства за превоз. Со новиот ребаланс се крати уште 39,14%, а во труд и социјална политика има зголемување од 20,58%. Потоа во ставка 43-31, каде што е репрезентација, цела година обрнува внимание лека во основното образование има една сума која е фантастичко голема, тоа беше 10 милиона сега намалена на 6 милиона. Тие шест милиона, 43-31 кога ќе се соберат, сите министерства не излегуваат од таа сума. Така да овие податоци создаваат една забуна особено кај нас во културата.

III/4.-

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас немам намера да се јавувам на секоја интервенција на еден пратеник, меѓутоа овде морам заради тоа што се работи за неточно презентирање. Има право г-динот Чадиковски дека не се согласува, она што тој знае и она што е напишано тука. Проблемот е што тој знае нешто што не постои, тој знае нешто што одеше како предлог на Влада и кое што на самата Влада беше договорено да не оди. Е, сега јас не знам, дали треба да се окривува Министерството за финансии, што го послушало советот на Влада, па кај културата не смалило или треба г-динот Чадиковски да се замисли за неговите специјални врски, известители во Владата, кои што давајќи му парцијални известувања го водат на погрешен траг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чадиковски, немојте така, ве молам.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Бидејќи министерот ова го сфати како некој атак од моја страна, тоа не е атак, јас се обидов вас да Ви направам услуга, но јас држам пред мене званичен документ што сум го добил од Министерството за култура, а сум го побарал званично како пратеник на Собранието на РМ. Според тоа ако сакате вака да комуницираме, јас сум спремен за поостро.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, денешнава расправа ја водиме во услови кога веројатно и ќе ни останува поинаков избор за дискусија од пристапот што го имаше г-динот Чадиковски затоа што сме доведени во една ситуација да интервентно видиме таму каде што секој од вас е заинтересиран во политика смисла за финансиите од Буџетот и на тој начин да пробаме нешто да исправиме на еден или на друг начин. Меѓутоа, мислам дека по повод Буџетот иако сме доведени

во ваква ситуација треба да соопштиме неколку работи од кои Собранието треба да укаже на некои состојби, па на крајот на краиштата да се дозволи и на Владата да и посочи некои активности кои треба да ги прави за да не се доведуваме и понатаму во вакви ситуации.

Прво, навистина е тешко да се разговара за Буџет, за ребаланс и општо за јавни финансии во една држава која сепак се наоѓа во Европа чиј општествен производ пер капита е 685,6 долари во 95 година и за кој податок Владата предвидува во 1996 гссина да се зголеми на 690,6 долари пер капита, што значи зголемување од 5 долара по глава на жител општествен производ, во наредната година, на толку ниско ниво од развојот во 1995 година.

Тешко е да се разговара за јавните финансии во услови кога во последните шест години општествениот производ во државата е преполовен, буквално преполовен. Тешко е да се разговара дури и за јавните финансии, за буџетот во држава во која 50% од општествениот производ оди за лична потрошувачка во која ниту секој четврти не учествува во создавањето на општествениот производ, помалку од секој четврти, а Владата предвидува во 96 година и натаму да се смали бројот на населението кое е и релативно и апсолутно кое ќе учествува во создавањето на општествениот производ. Држава во која дефицитите и во другите фондови за јавното финансирање освен во Буџетот се пренесе постојат или се создаваат, и на крајот после сето ова тешко е да се разговара во парламентот со Владата за јавните финансии особено за буџетот на државата доколку Владата изградила определба до крај и прецизно да гради односи со ММФ во сферата на јавните финансии, гука до ситуација да дефакто ги врзува и сопствените раце и рацете на парламентот во сферата на јавните финансии и овој пат во сферата на буџетското финансирање. Тоа се услови кои ги отежнуваат односите

меѓу Владата и Парламентот и самата Влада и самиот Парламент во креирањето на политиката на јавните финансии, и овој лат во сферата на Буџетот на Република Македонија.

Исто така треба да нагласиме дека заслугата на Владата за сузбивањето на инфлацијата особено во оваа година сега се претовара во еден повратен удар на самата неа и веќе не може да си дозволи во текот на неколку те ребаланси на Буџетот кои произлегуваат од високите инфлациони стапки во државата да ја сокрие сопствената неспособност да ги оствари планираните буџетски приходи и расходи во услови на инфлација која е секојпат можна, секој пат има ребаланс заради инфлација во чии рамки е невозможно да се види што е остварување или неостварување, а секој пат е повисоко номинално, меѓутоа реално може и да се намалувало. Затоа јас не се сложувам со министерот во една определба, до крај не се сложувам, дека ова е прв пат да ние го намалиме буџетот, номинално да, меѓутоа, реално и во изминатите години сме го намалувале и тоа не е прва ситуација во државава. Меѓутоа, сега не можеме да се скриеме зад стапката на инфлацијата која не тераше да го зголемуваме само номинално нашиот буџет.

Тешко е да се расправа за овој буџет и во услови кога сите ние и парламентот и Владата и државата во овој премин немаме вградено прецизен механизам ниту стандарди ниту методологија за буџетски проекти и буџетско планирање. И, објективно заради ова, можеме да тврдиме, да намалување, реалното дефакто намалување на буџетот за 16% во услови кога немаме номинални поместувања во вредностите на паричната единица е преголеми поместување во рамки на буџетот за едно собрание, з а една Влада која на почетокот ка годината планирала поинакви финансии во сферата на Буџетот.

III/7.-

На крајот на краиштата тешко е да се расправа и за буџет кој Владата и покрај тоа што претставува помалку од една четвртина од општествениот производ на државата и понатаму предвидува да го сведува на помал релативен дел од општествениот производ во сферата на буџетот, а вкупно тој за оваа година предлага да биде само изразено во марки една милијарда и околу 600-700 милиони марки, што значи дека и во толку мали апсолутни износи ние одиме и прифаќаме политика на натамошно реално намалување на Буџетот во рамките на вкупните расположливи средства од општествениот производ во државата.

Зошто го кажувам сето ова. го кажувам затоа што мислам дека овакви услови е невозможно ни е стапка по стапка сега па расправаме што е можно вон од ова што Владата ни го доставила и во вака краток рок, што е можно понатаму да додадеме или да одземеме од некој буџетски корисник или од оние кои го пумпаат буџетот. Мислам дека добро е парламентот што и во вакви услови кога доживеа на некој начин и понижувања од Владата да расправа за 300 милиони марки намалување на буџетот во рок од 24 часа и на некој начин и во знак на револт, и во знак на поддршка не поднесува никакви амандмани, затоа што дефакто сме во ситуација да ние не ја играме улогата на парламент во вакви услови. Меѓутоа, што е она што треба да го извлечеме од оваа ситуација.

Прво, треба сериозно да укажеме на Влагата дека и во нејзиниот односи со ММФ и во процесот на креирањето на државниот буџет на РМ па и во сферата на креирањето на политиката на јавната потрошувачка во РМ, мора да има многу посериозен пристап кога веќе немаме инфлација. И тој пристап да се олицетвори со тоа што ќе се изгради некаква методологија на реално буџетско планирање која нема да ни предлага некаде на крајот на годината значајно намалување на буџетот,

затоа што значајното намалување на буџетот не се одразува само како политика, се одразува кон илјадници буџетски потрошувачи кои својата

стапка кога ја виделе во службен весник на почетокот на годината не можат сега да ја дореализираат, објективно. И, мислам дека заради тоа, за сите оние буџетски корисници почнувајќи од оние кои што се класични државни корисници, завршувајќи со оние кои се на некој начин државни или парадржавни обврски вметнати во буџетот мора да имаат некакво сопствено планирање за сопствениот развој ЕС текот бар на таа една буџетска година која кај нас се поклопува со календарската година.

Второ , јас на еден состанок во Собрание по повод промената на Буџетот кажав и се уште стојам до некаде на становиште дека кога веќе сме доцртале одредена инфлациона стапка која и со ММФ на почетокот на годината беше договорена иако не се остварува мислам дека е време да се размислува и да ја оствариме таа инфлациона стапка со што ќе се придонесе да се наполни буџетот со што и ќе ја оствариме на еден начин кој секогаш економистите даваат една квалификација кога се вели политичарите подалеку од парите затоа што кога се во допир со парите се однесуваат штетно, меѓутоа во ова собрание ние сме политичари, па мислам дека може да размислуваме и за креираше на пари за да ја достигнеме проектираната стапка ка инфлација која може да значи на некој начин и релаксација во сферата на јавната потрошувачка, овој пат во Буџетот преку позајмица од Народната банка на Македонија, со соодветен закон, покриена во ова Собрание, или размислуваше за таква политика, која во овој момент беше соопштено дека нема поддршка во Владата, ниту пак во ММФ, меѓутоа мислам дека може да се размислува и во таа насока.

Трето, и на крај како заклучок од вака предложениот буџет мислам дека ова Собрание треба на мошнеealециден и јасен политички начин да се обрати од оваа говорница или од оваа расправа до Владата и да

посочи дека за собранието е неприфатливо да во одредени сфери на приходите на буџетот, особено кај акцизите потфрлањето биде за 5 и нешто милијарди денари или претворено во некои странски валути со кои полесно манипулираме кога се во прашање големи бројќи тоа се некаде околу 200 милиони марки потфрлање во собирањето на приходите само во сферата на акцизите која е еден од главните условно да кажам пумпачи на нашиот Буџет. Значи треба да пратиме јасна порака до Владата дека е неприфатливо толку големо потфрлање особено заради тоа што не е грешката само во сферата на планирањето која исто така може да ја сфатиме и како грешка и на овој парламент и на Владата во сферата на планирањето на приходите од акцизите, меѓутоа мислам дека и во сферата на реализацијата на она што може да се реализира од акцизите.

IV/1.- РД/ЉР

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Ние сите добро знаеме кој се тие неколку производи кои подлежат на акцизи и кој од тие производи дефакто преку светата на сивата економија одлеваат еден добар дел во Буџетот во разни приватни и други јавни фондови и ние не можеме со тие пари да располагаме во Буџетот. Сакам да кажам дека неколку закони кои ги носевме во сферата на неовозможување на сивата економија во нафтата во нафтените деривати, кај цигарите, кои се тие како издашни приход на Буџетот, мора Владата да ги реализира. Инаку ќе ни нуди буџети по кои 200 милиони марки помалку ќе ги реализира од тоа што ни понудува. Мислам дека заслужува Владата една јасна порака од овој Парламент по тој повод дека ние не можеме да расправаме за културата зошто фали толку, а јас можам да кажам како претседател на Комисијата за екологија зошто се преполовени средствата за инвестирање во еколошки програми, меѓутоа, се преполовени затоа што акцизите не можеме да ги собереме. А ние не можеме да ги собереме ако Владата не изгради толкави механизми да ги собере. Законите се наша обврска, понатаму мора Владата тоа да го направи. Мислам дека почнува да претставува сериозен политички проблем несобирањето на овие средства во Буџетот, кои се рефлектираат на невозможност да функционира државата на начин на кој сакаме, невозможно да се развива државата на начин на кој сакаме итн., башка што креираме сфера на сива економија или криминална економија во нашата држава. Од тие причини се чувствувам повикан по повод расправата за овој Буџет како член на овој парламент да посочам некои работи и објекти и субјективни кои не доведуваат во ситуација на крајот од годината бидеме во вака непријатна ситуација по повод ребалансот на Буџетот

IV/2.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потрпетоедател, дами и господа пратеници,

Јас лични имам високо чувство за потребата да се донесе во ваква постапка ребалансот на Буџетот, затоа што евидентно е дека Владата е принудена така да го направи заради случајните обврски и договори со меѓународните финансиски институции, меѓутоа не можам да да не го кажам фактот дека е малку несериозно пратениците да се доведуваат во ваква ситуација за толку значајни документи за кои во парламентите на земјите демократски држави Влагата се наоѓа пред сериозен испит и се води долго и темелна расправа, ние да го добиеме непосредно пред седницата, или еден ден пред тоа и да бидеме фактички обесправени во можноста темелно да м/ пријдеме на ребалансот на Буџетот како проблем и адекватно на тоа да дадеме свој конструктивен придонес и евентуални предлози за негово дополнување, веројатно е точен фактот на кој настојува Владата дека сепак пратениците имаат високо чувство за некои повисоки државни цели и потреби и заради тоа се доведени во ситуација да прифаќаат работи за кои во други ситуации веројатно би се одвивала многу посериозна расправата. Исто така не изненади дел од аргументација на министерот и да речам премногу фалбаџискиот односно потребата за донесување на ребалансот на Буџетот и потенцирањето дека е тоа прв пат се случува во историјата на македонската држава, поаѓајќи од фактот заради позитивните ефекти во остварувањето ЕС макро економската политика и ниската инфлација. Меѓутоа, заборавајќи другиот важен елемент и факт дека ребалансот на Буџетот не доаѓа само поради ниската инфлација, туку дека доаѓа и поради негативните ефекти на прибирање на приходите, даноците, царините и акцизите во Буџетот на РМ, поради што да беше ваква

инфлацијата, ние пак ќе бевме принудени да правиме ребаланс, затоа што не можеме да трошиме средства кои не влегле во државниот буџет. Исто така, друг елемент е намалената стопанска активност.

Јас имам чувство дека непостоењето на Високо професионални институции во државата, кој треба да си ја вршат работата во својот делокруг Така како што треба, доаѓа до многу девијантни појави од причина за смалениот прилив за средства во РМ, тоа не е само резултат на сивата економисија која со еден закон што беше донесен успеавме на некој начин да ја амортизираме, ако не е до крај уништена барем да се смали, меѓутоа, неотпорен е фактот дека се јавуваат такви нелегални работи во рамките на работата на општествените претпријатија. Ние не можеме да замижуваме и да не го гледаме фактот дека во многу општествени претпријатија, без разлика дали се тие блиски на власта, или не се блиски на власта, постои една пракса личните доходи, односно платите во еден мал износ, да речеме што го пријавуваат, три илјади до четири илјади го даваат на легален начин на вработените и на тој износ на плата ги плаќаат сите обврски спрема државата, а еден друг позначителен износ на средства на вработените им ги даваат во вид на други надоместоци, дали како хранарина, или за редовност и не знам што,правејќи вешто избегнување на законските прописи и избегнувајќи го плаќањето на придонесите кои директно влегуваат во Буџетот на РМ. Исто така, спорел наши сознанија дека има евидентни појави на промашување на работата на царински: испостави каде што има евидентни случаи да се увезува на пример бензин, а во декларациите и документите да стои дека се увезуваат нафтени деривати како екстра лесни, за кој царинската стапка, односно акцизите се многу пониски, отколку за бензинот, со што автоматски приливот на средствата од

IV/4.-

Буџетот се намалува, исто така неоспорен е фактот дека има случаи на увезување на стоки во РМ, кои се впуштаат на употреба како машини, а за кој се избегнуваат потребните давачки што треба да се дадат на државата, или со одложеното плаќање за увоз на стоки како суровини и репроматеријали,а после тоа тие стоки се пуштаат како стоки за широка потрошувачка во трговијата и во стопанството, избегнувајќи го данокот кој треба да се плати, односно царината 25%, или сведувајќи го тоа на износ од 5%. Вакви примери има и без број други околу неплакањето на средствата на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување, во фондот за здравствено осигурување итн. и мислам дека во тој дел Владата мора да предложи многу умни решенија, зад а можеме во наредниот период да не се доведуваме во таква ситуација да можеме да ставиме крај на тие работи затоа што евидентен е фактот дека Македонија доби премногу големи богаташи во името на новостечени приватни бизнисмени, а се разбира сето тоа во најголем број на случаи се прави на сметка на државата, крадејќи, во наводници средства кој би требало да влегуваат во Буџетот.

Исто така би сакал да добијам објаснување од министерот Миљовски со кој основ е ставена стапката во буџетот, средства од приватизацијата во износ од 32 милиони денари, кога се знае јасната определба од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал според членовите 91 и 93 дека Владата на РМ на Собранието треба да му понуди програма за намената на средствата. Фактички сега Владата без да го праша Собранието и без да му даде програма како се наменуваат средствата од приватизација сите средства од приватизација ги става во таа ставка и ги внесува во буџетот без да добие согласност од Собранието. Не знам по кое овластување и по кој

основ. За ова имавме расправа и кога се разговараше по извештајот на Агенцијата за приватизација.

Сега би сакал да кажам неколку реченици за структурата на ребалансот на Буџетот. Во просек расходната страна е намалена за 15 до 16%. Меѓутоа, мене не мие јасен критериумот според кој се раководела Владата, односно Министерството за финансии предлагајќи ги стапките на намалување на одредени министерства, односно потребите кои влегуваат во Буџетот на Републиката затоа што има одредени стапки кои се намалуваат за повеќе од 50%, а има стапки кои се намалуваат драстично малку, да речам некаде околу 6 д 7%. На пример за изградбата на железницата средствата се намалени за преку 50% За средствата за земјоделието околу 38%. Во просек ан сите Министерства се намалени средствата за околу 10 до 17 5 .Тука е во специфична состојба за министерството за стопанство каде што излегува дека средствата се зголемени за двапати, меѓутоа тоа е привидно, затоа што на таа сметка се ставени и средствата што се исплатуваат за претпријатијата загубари, а доколку тоа се отфрли излегува дека таа стапка се сведува на намалување на 12,5%. Меѓутоа, интересен е процентот на намалување на средствата во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Имено во Министерствово за внатрешни работи впрочем за намалување е 6,7% а во Министерството за одбрана 4,7%. Би сакал да слушнам аргументи поради кој е така направено во овие министерства, наспротив Министерството за надворешни работи, каде просекот на намалување на средствата е за 26,2%.

Имајќи го предвид фактот дека Македонија сега интензивно воспоставува дипломатски односи со многу држави во Светот имајќи ја предвид неопходната потреба за отворање на дипломатско - конзуларни претставништва и за плаќање на разно - разни котизации во меѓународни организации, не ми е јасен фактот, податокот, како е можно толку многу

да се смалат средствата за Министерството за надворешни работи или е вистината во тоа дека дел од министерствата на кој толку малку му се намалува процентот, биле во добри релации со Министерството за финансии, па успеале на време тоа што било предвидено да го потрошат како средства и фактички сега нема ни простор таму да се намалува Буџетот, затоа што тие средства се веќе потрошени или се потпишани договори за некои аранжмани и е влезено во некој однос по кој не можат да се намалуваат тие средства. Јас би апелирал ако има време ние ќе направиме амандман. Мислам дека има можност разделите 4,2,1 и 4,2,7 од Министерството за внатрешни работи и до Министерството за одбрана, каде што влегуваат ставки за патни и дневни трошоци и за техничко опремување, во одреден износ да се намалат. Да не се разбереме погрешно тука не се работи за намалување ниту на платите на вработените во овие министерства ниту за одвивањето на нормалната дејност, туку само по овие два основа, за да може дел од тие средства да се насочат кон Министерството за надворешни работи за тие потреби кој ги кажав за опремување на дипломатско конзуларните претставништва и плаќањето на котизациите и членарините и мислам дека заслужува внимание дел од тие средства да се уплатат во фондовите за социјалните програми за вработените и за физичката култура.

Кога сум кај физичката култура вреди да се каже дека Министерството има нееднаков критериум, односно предлагачот и при намалувањето на средствата и во рамките на одредени министерства. На пример во Министерството за образовани и физичка култура, средствата за образовната дејност се намалени за 6,8% , можеби поради фактот што во Владата има голем број на универзитетски професори па внимавале на намалувањето на тој процент за сметка на тоа средствата

за кои се издвојуваат за потребите на физичката култура посебно за врвниот спорт во РМ кој треба да не претставува на меѓународните натпревари и олимписките игри се намалени за 15%. Би сакал да добијам образложение и би сакал да знам дали има простор и време за амандман да се интервенира да се извршат одредени корекции. Инаку неспорна е потребата од донесување на ребалансот на Буџетот.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Дури сега сум збунет кога кажа министерот за финансиите дека економијата не е наука и дека не почива на чисти параметри и постапки, па не знам дали да развивам некоја теза во таа насока и не знам дали тоа не е навреда за вас економистите. Ако јас лично мислам дека во овој XX век и на прагот на XXI век кога така силно се развиваат сите науки и економската наука забелешка еден значаен развој, особено ова време на компјутеризација и дека таа почива на одредени научни параметри, а и на една голема практика. Ако тоа не е така, ние не би биле сведоци во развиените земји во земји во кој што владеат правни системи, морал, етика, во земји кои што држат во себе, кога ќе дојдат во вакви крупни промашувања на планирања, особено во Буџетот доаѓа до големи ломови, одговорности, оставки итн. Јас денеска не сум за такви мерки, затоа што оваа Влада и овој министер е и моја влада и мој министер, затоа што јас сум во тој сојуз, но мислам дека ако ние и понатаму живееме во некои други непозналици и сами себе се заваруваќе дека ете се заедно полека тониме и правилно и навреме не ги согледуваме главните проблеми. Кога излегоа во Печатот податоците за Буџетот во РМ многумина беа изненадени и зачудени. Тука многумина беа и во колуарите и на ова Собрание и меѓу вас пратениците . Јас размислував

околу тоа, за мене не беше тоа изненадување и доста размислував зошто една таква реакција, едно такво изненадување. Дојдов до заклучок дека ние практично не сме навлегле длабоко во нашите проблеми во Државата во сферата на економијата. Ние г-до за 4 години дали имаме 1/3 од производството што го имавме 1990 и 1991 година. Ние лично мислам имам чувство дека и нашите статистички податоци се многу неточни и неадекватни. Не верувам дека само една половина е намален бруто општествениот производ. Уште повеќе ако ние цели гранки затворивме за овие 4 години, гледате вие црната металургија е затворена, обоената металургија е пред затварање, хемиската индустрија е преполовена, земјоделството е во исклучително тешка положба. Нема гранка за која можеме да зборуваме дека дава некоја нада и некоја перспектива на нешто што можеме да почиваме. Ако имаме толкав број невработени колку стечајни работници толку луѓе кои што не земаат редовни лични доходи по повеќе месеци, а од друга страна упорно сами себе се залажуваме и тврдиме дека агрегатите на макроекономската поли- тика, особено во однос на инфлацијата се остварени, а не ги гледаме другите крупни последици, тогаш остануваме само во илузија.

Имав прилика да прочитав кога Кнез Милош сил на чело на Србија. Имал една од најздравите валути во Европа. Од извоз таа Србија имала неколку илјади свињи секој граѓанин, секое домаќинство претставувало посебна целина во обезбедување на храна, облекло , само на пазарот купувале по едно до две килограми шеќер сол и нешто петролеј. Со ваква една политика во таа насока ли ние се движиме. Многу, многу прашања кои треба да не загрижат.

V/1 СЛ/СС

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:(**продолжение)

Јас денеска ќе бев среќен ако не се оствареа моите предвидувања кога се донесуваше Буџетот за 1995 година и ќе бев среќен заради тоа што ќе имавме едно стопанство кое ќе бележеше пораст. Можеби ќе имавме една инфлација поголема од оваа што ја имавме но да немавме толку стечаи, да немавме толку невработени, да немавме толку затворање на капацитети, да не ја уништуваме базата на која што треба да живееме.

Што е нашата перспектива? Која област? Која гранка? Кој дел? Земјоделието - не! Индустријата - ја нема веќе! Дајте да не живееме во лажни претстави. Дајте да ги отвориме потполно сите работи до крај. Да ја снимиме ситуацијата во оваа држава. Дајте да видиме колку и што можеме да финансираме. Убаво рече министерот за финансии, треба да трошиме толку колку што создаваме. Трошиме ли? Не. Многу повеќе трошиме. И сега , не да појдеме од тоа да го правиме буџетот колку што имаме потреба, да појдеме од тоа низ едни студии, анализи, проучувања на стопанството, стопанството го создава буџетот, освен оние донатори што се назначуваат и позајмици, сето друго е од стопанството, каде што доминантна улога треба да игра производното стопанство. Според тоа, да појдеме сега од таа претпоставка колку може тоа стопанство, па и да ги додадеме овие донатори и позајмици итн., да обезбеди средства спрема моќта на ова стопанство, спрема познатите стапки и параметри за овакви и слични стопанства во светот и да го направиме тогаш колку ќе биде буџетот. Јас верувам дека ќе биде 50% од овој што сега го предвидуваме 42 милијарди денари.

V/2.-

Крајно е време навистина да се замислиме во кој правец се движиме. Ќе помине и овој буџет. Јас знам дека ќе го изгласаме затоа што сите така ги гласавме. Јас укажав на ова , а и многу други пратеници уште кога беше Владата на Кљусев и кога се доведе во прашање донесувањето на буџетот и таа Влада зема обврска оваа мала држава да предложи како да се преструктуира и како да се реформира и прилагоди целокупната дејност во државата спрема можностите на ова стопанство. Поминаа од тогаш многу години. Во тој правец имаше некои обиди и во здравството. Нешто и во школството. Имаше некои ситни обиди во администрацијата, администрацијата мислам во оној смисол како што е во Америка замислена. Меѓутоа, тоа беа се парцијални обиди и ние немавме ефекти и немавме резултати.

Знам јас дека и после една година ќе се повтори дел од оваа моја дискусија. Но, тоа после една година ќе ни биде уште полоша состојбата. Можеби оваа моја дискусија и ова мое укажување ќе ја отворат некаде свеста, ќе мора некој да се замисли каде отидовме, каде ќе бидеме. Јас мислам дека лошо време не чека.

Тоа што некои мислат дека сега светот ќе направи некој "Маршалов план" или не знам каков и во Македонија ќе сипаат пари, многу години го кажувам и сега го кажувам, тешко е тоа. Тешко, никој не дава пари. Тоа се илузии. Ние мораме пред се самите да си помогнеме, да ги засукаме ракавите, да се фатиме. Не сме ние голема држава да не можеме да се устроиме. Сите овие работи што беа овде кажани: сива економија, шверцови, ова - она, сето тоа е така присутно, но присутно е и во другите земји. Меѓутоа, доминантно е немањето на производство. Немање на производство со падот на стопанството е катастрофа која не смее повеќе да се толерира, кое не смее да ни прави магла, кое мораме

да го отвориме, на кое мораме да посветиме внимание и мора овој Парламент непрекинато за тоа да расправа, па и Владата. Јас еднаш ка:ѓ:ав 80% работат на Владата и Парламентот треба да бидат економските проблеми, ако сакаме нешто да направиме и сториме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници иако материјалите ги добивме на оваа седница, прилично обемни и навистина малку време остануваше да ги разгледаме детално. За овие материјали мислам дека барем една недела ни беше потребна на сите нас пратеници да ги разгледаме и да се подготвиме , односно да го кажеме своето мислење.

Сепак, јас би се задржал и би сакал да укажам на разделот 21 на страна 31, Министерство за земјоделство, шумарство и водостоапнство. Поконкретно во ставката 447, поттставките -4471 регрес на квалитетни сорти семиња, потоа - 4472 регрес за дел од каматата по кредити во земјоделството и резерви за определени земјоделски производи и потставката - 4473 премии за одделни земјоделски производи, каде што извршеното намалување е драстично за околу 3 8%.

Би сакал да кажам дека тоа е голема неправда спрема целото земјоделство во РМ. Земјоделецот и до сега мака мачеше нешто да посее, произведе, а сега со ова драстично намалување на регресите за квалитетни сортни семиња, премии за некои земјоделски производи кои што и до ден денеска не се исплатени на земјоделците, тие верно и

нетрпеливо очекуваат од онаа Влада нешто да направи, бидејќи цела оваа производна година е при крај. Никако до тоа да дојде. Сега ќе ги доведе земјоделците до уште потешка состојба.

Предлагам, Владата да изврши одредени корекции во Буџетот, во споменатите ставки, односно потставки, барем за наредната 1996 година.

На крајот би сакал да кажам дека земјоделските во РМ имаат сомнителна доверба во оваа Влада. Но, со овој ребаланс на буџетот за земјоделството, земјоделците сосема ќе го изгубат трпението и не ќе бидат во состојба да ги плаќаат своите обврски кон државата, секако дека голем дел од површините не ќе можат на време да бидат обработени и посеани.

Би сакал да чујам од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство како и на кој начин се согласил кога овој материјал бил на разгледување во Владата да дојде до вакво драстично намалување на средствата, односно со овој ребаланс во Буџетот на РМ за 199 5 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа денеска на дневен ред е ребалансот, односно измена и дополна на Буџетот за 1995 година, кој Буџет пред самата седница го добив, така што не можев аналитички податоците да ги сумирам и да дискутирам поконкретно за некои ставки од буџетот.

V/5.-

Меѓутоа, би сакал на некои проблеми сепак да укажам во врска со донесувањето на Буџетот, односно измена и дополна на Буџетот што се донесува, измената и дополнатa токму во време кога една третина од вработените се стечајни работници или вон производството, кога производството е веќе намалено, се кажа намалено на 50%, а не е толку, туку е нешто повеќе од 50% производството. Како и на кој начин и добро е и тоа што и досега е извршен буџетот,. мислам на приходите до овој степен што се собрани средствата. Меѓутоа, се прашувам натаму како ќе зачекориме во идната 1996 година со овие тешкотии и проблеми што настануваат во стопанството.

Мислам дека има некои нереалности во однос на буџетот, особено за земјоделието, ставките за земјоделието се намалуваат. Ставките за наука исто така се намалуваат. Мислам дека ставките за наука треба да се најдат многу повеќе средства за науката за да може да се вклучи во процесот на производството, како и за Министерството за развој како и на кој начин да се испита пазарот што го имаме од договорната економија во пазарно стопанство, како и на кој начин да се пласираат производите што ги произведува Македонија, вишокот на производите. Тука би требало поголемо внимание да обрнеме и по министерствата и да се формира таква служба што ќе може да го испита пазарот. Не само на Балканот и Европа, туку и во светот како би се пласирале нашите производи.

И порано кога зборував , можеби има веќе 4-5 години како вршиме донесување на буџет, разгледуваме завршна сметка за буџетот, вршиме ребаланс, измена и дополнување на буџетот, меѓутоа, имам впечаток и денеска сакам посебно да потенцирам дека немаме критериуми за трошење средства од Буџетот од корисниците што ги користат.

V/6.-

Затечената состојба, повторувам затечената состојба 199 0 година како користеле корисниците на Буџетот исто е запазен тој однос, да бидам поконкретен, на пример: судии за прекршоци, имаат еден судија и три и повеќе административни лица. Или, 5-6 судии, а еден или два административни работници. Па општина со 20 илјади жители и со 50 илјади жители и повеќе, дали тие критериуми некако се утврдени или не се утврдени, и дали треба или не треба да се утврдат. Колкави се платите на еден судија за прекршоци во една општина, а колку во другите? Затоа што финансирањето на судиите за прекршоци беше од општинските буџети порано, а сега од Републичкиот буџет. Меѓутоа, тука имаме една неправда. Исти е случај и со јавниот правобранител, јавното правобранителство во општините. Тие разлики постојат. Па, се прашувам зошто некој не се зафати да утврди критериуми за распределба на буџетот, за што се залагав секоја година кога дискутирав за буџетот, да се утврдат критериуми за распределба на средства од буџетот. До кога и кога треба да се донесе закон за плати па да утврди навистина според обемот на работењето, според способноста, односно според активноста што ја даваат корисниците на буџетот да бидат адекватно и наградувани.

Добро има многу работи што да се кажат, но некои работи се кажаа, а некои морам да потенцирам во врска со јавните служби. Тоа се полицијата, царината, војската, дали се соодветно наградени или не? Дали имаат плата толкава да им ги покријат трошоците што ги имаат, затоа што овие служби не се дома, туку се наоѓаат на терен и не кога сака, туку кога мора? Дали им се плаќа прекувремена работа и колку им се плаќа? Дали им се плаќа надоместок за ноќна работа? Дали им се плаќа ненормирана работа? Дали им се плаќаат сите оние издатоци што

треба да им се плаќаат? И ако им се плаќаат по кои критериуми им се плаќаат? Некој, кажува јавноста дека полицијата има големи плати. Меѓутоа, не е точно. Ако земеме да ги споредиме трошоците што ги прават, ќе видиме дека се многу ниски платите на полицијата. Исто и службата за царина. Царинарницата. Исти е случај и со војската, кои се наоѓаат по границите.

Сега, наидовме кај некои министерства да се намали потрошувачката каде има поголеми суми, токму на оние клучните, битни министерства да ги намалиме. Не знам тоа како ќе се одрази во понатамошното обезбедување во понатамошното вршење на тие јавни служби. Но, сепак мислам дека министерот и министерството за финансии ги имале сите овие работи предвид и дека ќе може на некој начин да се адаптираат состојбите што ги имаме во врска со користење средства од буџетот каде што се малку ќе се надокнади, а каде се повеќе ќе се земе. Меѓутоа, мислам дека сме нешто неправични.

Би предложил и натаму за секогаш да размислиме дополнување и изменување на буџетот да се донесува во две фази. Би требало да се донесе во три фази. Ако не може во две, како би можеле пратениците да извршат консултации со оние што треба, да се изјаснат и да предложат на седница поквалитетни решенија во врска со донесување на Буџетот во РМ и со ребалансите на буџетот.

Крајно е време на некој начин корисниците на буџетот да ги опоменеме стварно да не се трошат средства каде што не треба. На пример, промена на коли, промена на намештај, некои други издатоци со што се товари буџетот, а нема потреба за сега.  Не е време да товариме.

Мислам дека треба на некој начин да се даде нешто, некоја инекција во стопанството за негов развој. Ако дадеме средства од буџетот, еден поттик во стопанството сигурно наредната година ќе имаме од кого да се собере данок на промет, акцизи итн., односно приходи на буџетот. Ако не дадеме, нема да може.

Инаку, во стручноста, колку можев за ова кратко време да погледам, немам некои забелешки во стручноста на изработката. Ги имам забелешките што ги изнесов во однос на политиката на Буџетот и мислам дека треба да се отстранат и дека треба во рас- чекор со развојот на стопанството, со развојот на РМ, односно со можностите, така да оди и планирањето на буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани дами и господа, почитуван потпретседателе, јас размислував дали да говорам на оваа тема, бидејќи и при буџетот за 1994 година,ребалансот,за 1995 многу работи ги кажав и тогаш кои сега пак се повторуваат. Но, ме поттикнаа неколку дискутанти пред мене. Мислам дека и ова што ќе го кажам ќе најде место барем од аспект на информирање на јавноста и делумно демантирање на пофалните зборови и констатации кажани од страна на изготвувачот на материјалот, особено во образложението на ребалансот на буџетот.

Мојата дискусија ќе биде пред се поврзана, односно со цел за демантирање на синтагмата - нашата фундаментална стратегија е

здрава, се констатира помеѓу другото и особено се констатира дека тоа значи дека овој ребаланс на буџетот не е плод на нашите лоши проценки при обликување на буџетот и подготвување на буџетот туку заради неостварување на договорената политика, елементите н почетокот на годината. Така констатира предлагачот на ребалансот во неговиот материјал.

VI/1.-HH/OM

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Да не должам, а да бидам коегзикстентен во моето искажување ќе го прочитам она што го размислував за два три часа, бидејќи вчера го добив текстот на ребалансот.

Јас ќе се придружам на апелите на моите колеги оваа практика навистина да се прекине. Ако не за нешто друго тогаш од аспект на тоа да не го доведуваме парламентот односно одредени пратеници кои се заинтересирани да придонесат и да учат нешто од она што се предлага да им дадеме можност да ги анализираат овие работи и нивните дискусии да бидат поконструктивни и постручни.

Јас стојам на становиште дека се работи спротивното односно дека токму вашите погрешни стручни согледувања, односно кабинетското интексирање на остварувањата од 1994 година и неостварувањето на зацртаната политика токму од Вас како Влада, бидејќи Вие ја зацртавте е причината за ребалансот на -.Буџетот во приходната страна, кој автоматски повлекува и намалување на расходната страна на Буџетот. Значи поентата е во тоа што треба да се признае дека овде не е проблемот само во неостварувањето на инфлацијата, туку ако се анализираат одделни ставки ќе се дојде до констатација дека имаме огромни потфрлувања од 10 до 20% реално, особено во главните пунктови каде што се полни Буџетот, а тие се: данокот од добивка, таму имаме 40%; данокот на промет, акцизи, царини и т.н. Значи, ова е факт и тој факт ние треба да го прифатиме и да го анализираме за да не ни се повтори при планирањето на истиот во наредниот период.

Основното прашање кое кај мене се наметнува како дилема се состои во тоа дали овој ребаланс на Буџетот е урамнотежен. Јас мислам

дека тој ребаланс на Буџет ако реално се анализира номинално е урамнотежен, но реално не е. Зошто не е? Самиот предлагач на Буџетот констатира во дел од образложението де<ка за голем број на корисници на Буџетот е обезбедена плата само до месец ноември. Ве молам тоа што значи? Тоа значи дека платата за месец декември е оставена да се покрие од Буџетот за 1996 година. Што значи тоа во суштина? Тоа во суштина значи дека еден реален дефицит, кој постои ние не сакаме да го покажеме па затоа и квалификациите кои се дадени дека ќе се оствари настојувањето дефицитот да се намалува од 3,5% 1994 година на 1% 1995 година со овој податок сигурно нема да биде така, бидејќи ние ќе го префрлиме овој дефицит во наредната година.

Друг момент кој влијае на овој дефицит е вишокот на остварени приходи 19 94 година, кој вишок на приходи можел да се искористи за други намени, а не да влезе во приходната страна на овој Буџет, што значи може да се искористи да се отплати дел од заштедите на девивните штедачи или да се отплати дел од долгот во странство. Но, сигурно бидејќи имаме недостиг на пари па сега предлагачот го вклопил во приходната страна на Буџетот и затоа е дојдено до коефициентот што овде се кажува.

Јас би изнел едно размислување на еден познат економист кој особено се занимава со статистика, а истиот стои на становиште дека податоците кои ги покажува актуелната статистика во однос на индексот на цени на мало дека не е реален однос на движењето на цените во Македонија. Зошто? Истиот укажува на фактот дека при утврдувањето на таа стапка на инфлација ќе мора да се земе предвид и индексот на движење на цени на големо. Зошто? Од причини што во тој индекс на движење на цени на големо влегуваат и репроматеријалите кои репроматеријали кои исто така имаат сигурно влијание во движењето на

цените во Македонија. Кога би се направиле една ваква статистика односно комбинација на таа статистика не сум сигурен дека би дошле до коефициент на инфлација од 3,1 , кој се кажува до 9-те месеци односно до плани- раниот коефициент од 8% на ниво на 1995 година. Во таа смисла би препорачал на оваа Влада да направи една комбинација во статистички- те искажувања и дури тогаш ќе видиме дали навистина имаме ваква инфлација како што се кажува или имаме нешто сосема друго.

Понатаму, јас мислам дека образложението што се даде дека се очекува паѓаше на општествениот производ за само 4% е во коалиција со податоците што ги дава Народната банка на Македонија. Имено извештаите на банката укажуваат дека со 6-те месеци имаме паѓање на општествениот производ од 14%. Сега доаѓаме од контрадикторни информации иако се работи за еден стручен тим. Значи диспаритетот е скоро над 10%. Јас би бил среќен кога би се остварило ова намалување на општествениот производ за 4% иако истиот предлагач предвидуваше зголемување на истиот во почетокот на годината за 0,7%. Зошто ова го истакнувам? Ова го истакнува поради еден момент.

Во образложението на материјалот секаде се споменуваат синтагмите, значи сите работи ни се во ред само општествениот производ не ни е во ред. Токму сите мерки кои треба секоја Влада да ги презема треба да одат во таа насока, општествениот производ да се зголеми, а не да се случува обратното. Или нешто со констатациите не е во ред, или со податоците со кои се располага. Јас не сум убеден дека она што е кажано во материјалот е реалното.

Исто така, сакам да истакнам една констатација која можам и практично да ја потврдам дека не е вистинита. Имено, оваа Влада, особено Министерството за финансии скоро ништо нема преземено

откако е на челно г-динот Миљовоки од аспект на реорганизација и адекватно структурирање на Министерството за финансии. Во Управата за јавни приходи во Македонија , го земам како пример Гостивар , имаме само еден прост збир на поранешниот СОК и на Управата односно одделението за даноци. Од аспект на организација, од аспект ан систематизација, од аспект на адекватно функционирање на таа служба која е пред се одговорна за даночната евазија, бидејќи ова Министерство ја контролираа таа сфера, не ги контролира некој друг, почнувајќи од даноците преку царините и т.н., се уште ситуацијата е за никаде. Јас ова го кажувам не од аспект само да актуализирам, но да се поттикне актуелниот министер кој откако го разреши директорот на Управата за јавни приходи ја има оставено состојбата од аспект ан организација и систематизација во неадекватно ниво. Апелирам во таа смисла тие работи да се регулираат како што треба и од сега понатаму не би сакал да ги слушаме синтагмите дека одговорноста за неисполнвуање на Буџетот лежи во даночната евазија. Дајте Ве молам да бидеме по објективни. Да кажеме што од таа евазија ние имаме откриено досега, кои се преземените мерки во таа смисла и што предлагаме аз да се стесни кругот на даночната евазија. Само со констатирање сакаме само да ја избегнеме сопствената одговорност која е сосема реални и реално лоцирано.

Понатаму , јас мислам дека ние не треба овде да заборавиме еден факт, кој факт и премиерот го искажа дека се предвидува намалување на државната администрација за 10% во почетокот на годината, значи во 1995 година. Кога навистина би се случило тоа сигурно би се добила адекватна маса на понатамошно намалување на расходниот дел на Буџетот. Би сакал да слушнам од тој аспект што има ново, иако сигурно ќе се одговори дека ќе треба да се донесе законот за државната управа. Дајте господа предложете го на Парламентот, тој ќе го донесе. Значи тоа

не е проблем и така да стварате услови дека овој голем расход кој денес се остварува во Македонија реално се намалува. Јас сум сосема сигурен дека потрошокот кој е планиран со расходниот дел на Буџетот не е адекватен на новата вредност која се создава во Македонија. Симптоматични исто така се намалувањата на средствата за 25-те загубари. Зошто е тоа симптоматично. Јас ќе ја земам како пример "Силика" бидејќи и таа влегуваше во проектот за 25-те загубари. Јас сум длабоко разочаран од реализацијата на тој проект. Јас сум длабоко свесен дека проектот на 25-те загубари со примерот на "Силика" ќе биде другиот "Фени" во Македонија, а немојте да заборавиме и тука некаде планиравме скоро 140 милион долари средства за таа намена. ј м

Понатаму, интересна е констатацијата дека предвидените средства кои се наменети како прилив од приватизацијата многу се помали од она што е предвидено. Ние скоро секој ден слушаме пофалби дека имаме скоро илјади приватизирани фирми, па се поставува прашањето каде се парите. Изгледа парите или се заборавени некаде, или можеби ќе дојдат некој ден, но тие пари се потребни бидејќи како што тече овој процес не сум сигурен дека навистина имаме валидна приватизација, иако за оваа тема ќе разговараме кога ќе ги имаме на дневен ред извештаите на Агенцијата.

Јас сум длабоко свесен дека овој ребаланс на Буџет пред се е последица на неостварување на приходниот дел на Буџетот и не е како што кажува г-динот министер само резултат на намалување на инфлацијата за 10% од она што е предвидено. Анализирајте ги ставките, данок од добивка, данок од промет, акцизи, царини и самите ќе го демантирате г-динот министер бидејќи ќе дојдете до други сосема различни податоци. Кога сме кај данокот од добивка мислам дека е

потребно и овде да се кажат неколку зборови.

Со новиот закон од данокот на добивка во 1994 година, ние имавме енормно зголемување на приходите од овој данок. Некој ќе постави прашање можеби поради големите добивки што ги имаат големите претпријатија? Не господа. Законот има механизам со кој механизам ги тера претпријатијата и кога се во загуба да покажуваат фиктивна добивка и да плаќаат данок од добивка. Затоа сега ни се случува да токму најголемото потфрлување ние го имаме со овој ребаланс на Буџетот, бидејќи финансиските резултати на претпријатијата за периодот јануари - јуни се сосема различни. Истата состојба е, иако овде се кажува, тој податок намерно го спомнувам бидејќи преку тој закон ние доаѓаме до констатација зошто ни се намалува приходот по основ на данок на промет. Ако немаме адекватни остварувања. Ако немаме адекватен промет тогаш нормална работа е да немаме ни данок на промет, ни акцизи, немаме ни данок од добивка.

Јас сум на размислување дека ребалансот како поим односно како намалување на државната каса во принцип треба да се поддржи, тука немам дилеми, но мислам дека постојат и други резервни полиња во кои мора да се влијае да се намалат трошоците на тие корисници на државата. Понатаму, треба да се донесе тој фамозен закон за државна администрација и на крај би завршил:

Дајте г-дине министре и целата Влада донесете нова акумулација во Македонија како предуслов за новиот развој. Единствено така ќе градиме подобра иднина. Поинаку само ќе се вртиме во круг.

VI/8.-

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, драги пратеници. Во однос на измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 1995 година, би сакал да се задржам само на разделот 21, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа позиција 471- тековни трансфери каде намалувањето на премиите, субвенциите, регресите по ставки изнесуваат: Трансфери по основ на субвенции од 1,880 милијарди на 1,067 милијарди. Регреси за квалитетни семенски сорти од 27 0 милиони на 17 8 и регреси за дел на камати по кредити во земјоделството и резерви, исто така намалување. Или во проценти некаде за 40% намалување на средства,а кај другите министерства намалувањето најмногу е до 10%, а некаде и натфрлување.

Тоа истото ни се случи кога го носевме Буџетот за 1995 година и јас се плашам дека за наредната година кога ќе го носиме Буџетот стартот ќе биде со овие измени и испаѓа дека резервите за намалување на Буџетот се исклучиво само во земјоделието, а од друга страна се декларираме дека иднината ни е во земјоделието, а нема никаде земјоделие во светот да не се помага од страна на државата. Таа помош од година во година се намалува, а со намалувањето и се намалува и производството. Ние се лажеме дека имаме голема производствена пченица, тоа ќе биде уште годинава, а идната година пченицата ќе ја најде истата судбина што ја најде шеќерната репка каде 70% од производството е намелено, како и сончогледот кој за 60% од производството е намален тогаш нема потреба во Буџетот и да се планираат премии,субвенции и регреси бидејќи нема за што да се плаќа.

**МИРКО ТРИПУНОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Предложениот ребаланс на Буџетот за 1995 година содржи одредени решенија кои се обусловени од претходно договорена

поддршка и проекција со некои меѓународни институции, финансиски се разбира. Јас имав прилика и вчера на седницата на Комисијата за финансии и буџет да кажам свои одредени забелешки по тој текст и тука не би се повторувал.

Меѓутоа, и покрај одредените лимите се воочуваат и некои битни елементи кои заслужуваат по подробна оценка односно образложение од претставникот на Владата, министерот за финансии.

Прво, зошто се доцни со реорганизација на управата за јавни приходи и царинската управа кои според образложението од ребалансот на Буџетот не обезбедиле зголемена ефикасност со наплата на јавните приход. Доколку заостанува наплатата на приходите по основ на акцизите, по основ на царини како и за други видови на даноци произлегува дека се потреби радикални организациони и други промени.

Второ, дали со предвидениот ребаланс ќе се постави фискалната сфера од типично даночна, даночно ориентирана кон развојно поттикнувачка до аспект на финансирање на материјално развојните програми, како што се земјоделието, истражувачките организации и во сферата на поттикнување на извозот и друго. Дали поледиците што ќе бидат предизвикани со предложените рестрикции кај одделни корисници на Буџетот можат да бидат компензирани со Буџетот за наредната година или ќе останат крајни граници или лимити.

Доколку се работи за трајни ограничувања, а во текстот се среќаваат повеќе видови такви ограничувања од страна на потрошувачката ќе бидат ли право предложени измени на законски прописи кои ќе ги уредуваат правата на корисниците или пак со еден пропис, во случајов Буџетот ќе се лимитираат и правата кои само формално ќе важат во одделни законски и други прописи.

VI/10.-

Некои отворени прашања лебдат сигурно и меѓу Вас. Приходите од приватизацијата се смалуваат за 3 5,6%. Дали е тоа поради нецелосно остварување на планираните зафати од делот на приватизацијата или поради неправилните проценки за ефектите од оваа мерка која не е поврзана со елементите на економската политика од почетокот на годината. Тоа с е две битни прашања.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ**: (Продолжение)

Понатаму, опаѓањето на општествениот производ за 4% дали не претставува алармантен сигнал дека продолжува периодот на длабока структурна рецесија, чиј што крај не е предвидлив ни за наредната година. Дали кредитно - монетарната политика ќе ја задржи понатаму својата рестриктивност, што повторно и последично влијае на поставеноста на Буџетот само во фискалната димензија, а не како развојно поттикнувачко активирање. Или е крајно време за редимензионирање на цврстите агрегати и монетарни стратегии, кои никако да го приближат растот на производството и сите други позитивни трендови. Се очекува ли подобрување на финансиските резултати од работењето на одделни претпријатија, после укинувањето на ембаргото од Грција и можното укинување на ембаргото спрема Србија и како тоа се планира да се одреди во фискалната сфера.

Измената т.е. ребалансот на Буџетот ќе прифатам да се усвои. Сигурно ќе го прифатиме и ние од неопходните потреби. Но, останува впечатокот дека за месец ноември редовно се обавува расправа за основите на Буџетот за наредната година. Ќе го правиме ли тоа со задоцнување или ќе можеме да определиме основите на економската политика за наредната година во која претпријатијата и претприемачите ќе ги знаат на време обврските спрема државата, па врз таа основа да го планираат своето работење или пак ребалансите ќе бидат насоките на можната активност во фискалната сфера, без да се има предвид целината на економската политика на државата, а посебно нејзината развојна димензија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Кире Видимче.

VII/2

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, јас ќе бидам доста краток и ќе се обидам со реални показатели да го изнесам она што го имам како забелешка и мислење по овој материјал.

На почетокот би сакал да кажам нешто во врска со начинот на доставување на материјалот и тајмингот околу неговото одлучување. Без никакви дилеми, мора да се каже дека воопшто не доликува на овој материјал на овој начин да се доставува до нас пратениците и на овој начин да се бара од нас по него да расправаме и да одлучуваме. Со полн респект помеѓу народните организации и институции и обврските на Републиката спрема нив, од моја страна, но веднаш го поставувам прашањето на респектот на Владата спрема тие институции и договорите со нив, имајќи го предвид фактот дека Владата сигурно знаеше за тајмингот и роковите кои се бараат за донесување на ребалансот, а сепак не му го достави благовремено на:парламентот, односно на нас на разгледување. Причината може да биде двозначна. Во принцип постојат два правци на таа причина. Едниот правец е тој што Владата сакаше набрзина овој материјал да помине низ нашите раце, а не би сакал да верувам во тоа, а вториот став и второто мислење - Владата воопшто не размислува за меѓународните договори и врзаноста на роковите за Буџетот. Но, тоа што е , тука е, го добивме материјалот од преку 200 страници во рок од 1 дена да го разгледаме и по него да се изјасниме, а во основа тој материјал, тие 20 0 страници значат крвоток и живеење на оваа држава.

На почетокот би поставил многу суштинско прашање. Бидејќи во дискусијата на претставникот на Владата по овој материјал беше изнесено со користење многу пофални зборови дека прв пат имаме

можност да разговараме за намалување на Буџетот, но многу е битно да се определи причината за намалување на Буџетот. Во принцип постојат 2 алтернативни решенија. Едното е тоа што со успешната макроекономска политика се успеа и да се стабилизира финансиското работење на државата и да успееме да ги намалиме трошоците, но по мое мислење и по мое длабоко убедување тоа не е главната причина за донесувањето на овој ребаланс, туку главната причина за донесување на овој ребаланс е тоа што приходите по основ на овој Буџет се драстично намалени. И самите можеме да видиме, ако го отвориме Буџетот, на првата страница веднаш стои дека приходите се намалени за повеќе од 16%. Според тоа, основниот постулат е тој дека ребалансот на Буџетот не се донесува заради добро работење и економично работење, туку заради неприбрани средства и неможност да се реализираат средствата кои ги планираме. Според тоа, ако е така, да видиме кои се причините заради кои не се собрани средствата.

Според мене, една од многу битните ставки е ставката 711 односно акцизите, 7111, бидејќи акцизите учествуваат со 1/3 од вкупниот буџет на нашата Република. На таа ставка имаме реализирање само 64,77% и не без причина ја посочувам токму оваа ставка, бидејќи сепак овој дел односно производите кои се врзани со плаќање на акцизи се многу рентабилни и профитабилни и за жал, нашата држава се уште не најде начин како воспостави потполна, ако не потполна барем во рамките на реалноста потполна контрола врз прибиран>ето на средствата од акцизите. Бидејќи свесни сме сепак сите, дека акцизите се засега се уште многу уносна работа за таканаречените новопечени бизнисмени и калењето, немањето на овие приходи во државната каса, веднаш се поставува прашањето дали за тоа е причина намален увоз на производите за кои се плаќаат акцизи или причината е само во

неплаќање на акцизите. Сепак, многу сум повеќе склон кон идејата дека производите се увезени, но акцизите не се платени, односно е избегнато плаќањето на акцизите. На кој начин и како навистина не знам, бидејќи не се занимавам со тие дејности и патиштата за реализација на тие матни работи воопшто не ми се познати, но сепак, факт е дека на ова место воопшто не се успеа да се добијат приходите.

Според тоа, главната поента на овој дел ми е да кажам дека ова што денес го разговараме, го разговараме само заради тоа што Владата не успеала да го собере приходите, а не заради тоа што досега економично се работеше.

Како втор факт за тоа дека неекономично работеше, јас ќе наведам бројки кои постојат во овој материјал односно на последните 3-4 странци, каде што има преглед на остварените приходи и преглед на остварените расходи, во првите 9 месеци од оваа година. На почетокот на приходите, каде што пишува биланс на приходите, процентот на остварување на приходите за првите 9 месеци е 81,56%. Додека во билансот на трошоците во првиот ред исто, во вкупниот биланс на трошоци стои 83,76%. Значи дека во првите 9 месеци од оваа година Владата потрошила 2% повеќе пари отколку што собравме, отколку што беше процентот на прилив на средствата.

Според тоа, ова јасно укажува на размислувањата дека сепак разговараме за ребаланс на буџетот само заради тоа што не се собрани доволно средства тие да се реализираат. Длабоко сум убеден доколку имаше можности тие да се соберат, средствата ќе беа реализирани и немаше сега да разговараме за ребаланс на овој начин.

На крајот, би сакал уште нешто да размислиме околу начинот на вршењето на ребалансот односно прераспределбата на средствата.

Доколку малку се загледаме во бројките - јас сум повеќе склон кон тоа аналитичко разгледување на бројки и проценти, за тоа и така ја направив оваа анализа - ќе излезе дека моментално Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи со овој ребаланс се привилегирани. Ќе прашање зошто? Со буџетот кој беше предложен првата варијанта, Министерството за одбрана учествуваше со 9,8% во вкупниот износ. Со новиот ребаланс учествува со 10,11%. Министерството за внатрешни работи со буџетот кој го имавме усвоено за оваа година учествуваше со 6,42%, а со ребалансот учествува со 7%. Ова не го кажувам> без причина. Има длабока причина за тоа, затоа што и самите министерства, токму овие, учествуваат со доста висок процент во вкупниот износ на буџетот и фактички иако во другите министерства имаме на повеќе места намалување на учеството или намалување во вкупен износ, кај овие министерства имаме во многу мал обем намалување во вкупниот износ на трошоци. Јас би запрашал зошто при изработката на ребалансот не се размислуваше за следното: да се даде шанса на земјоделството, да се даде шанса на стопанството да заживее, да се даде шанса на тие дејности да создаваат приходи, за да можеме наредните години да разговараме за поголеми буџети. Бидејќи сепак и во искажувањата на министерот на почетокот на седницата беше кажано дека се друго е планирано, само не планираа дека општествениот производ ќе го намалиме. Мораме да признаеме дека токму општествениот производ е двигател на сите овие 200 страници што ги гледаме овде. Ако него го немаме нема потреба да ги гледаме ни овие 200 странци, нема каде да трошиме пари, ќе ги немаме. Што правиме сега вие? Иако ги немаме, иако го намалуваме општествениот производ, иако го намалуваме изворот на средствата, изворот на средствата за овие пари, ние пак даваме поенти на министерства кои во принцип се

непрофитабилни, кои не создаваат доход, додека Министерството за земјоделство катастрофално го оштетуваме, не му се дава можност на стопанството да заживее односно не даваме шанса општествениот производ да го подигнеме на повисоко ниво.

Според тоа, во принцип воопшто не се согласувам со размислувањата кои беа изнесени дека направивме голем успех и дека не очекуваат подобри резултати. Со вакви размислувања јас не би очекувал баш подобри резултати и би се ангажирал, би замолил да размислиме да најдеме начин да го стимулираме производството, стопанството, посебно земјоделството, поточно и оној мал сегмент кој Владата го пропушти во своето планирање, односно општествениот производ, да му дадеме шанса да заживее, да створиме можност да разговараме за подобри буџети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседател, почитувани министри, почитувани пратеници, пред извесно време ова Собрание разговараше за проблемот на тутунопроизводството. При една моја дискусија кога станувaше збор за проблемите на тутунорпоизводството кажав дека единствена гранка во нашето стопанство која овозможува да се изврши прифат на работната сила, која излезе како вишок во периодот на транзицијата, како од стопанството, така и од нестопанството, е заправо единствено земјоделството. Бидејќи единствено таму имаме состојби каде се враќаат работниците, за разлика од она што беше порано, кога имавме фактички прелевање на работната сила од земјоделството во другите

гранки на индустријата. Она што го гледам тука денес, што е предложено со Предлогот на ребалансот на буџетот мислам дека политиката што ја водиме на сосема погрешна страна. Имаше и има доста укажувања дека станува збор дека годинава имаме доста големо производство на пченица. Изгледа се задоволивме, па доколку продолжиме со ваква политика спрема земјоделството, тогаш ќе го правиме она што не треба да го правиме. Имено, во науката е познато дека кога има нешто што се случува, некоја хиперпродукција, науката е тука за да даде и да предложи методи и начини како да се излезе од таа состојба за да не се случи во идните години да имаме намалување на производството. Со предлагањето на ваков буџет, воопшто не водиме сметка за таква работа. Имено, во науката е познато дека во такви случаи се предвидуваат таканаречени контрациклуси на тоа производство. Единствено во тие моменти, во такви состојби може да се сочува производството на одредена висина. Задоволството е ми се чини е погрешниот однос на тоа дека имаме доволно пченица и дека доволно произведуваме. Според познавањето што го имаме во однос на тоа производство мислам дека многу погрешно ги донесуваме така да кажам ад хок заклучоци, заради тоа што состојбите не ни се такви. Би било сосема поволно кога во овој случај би се постапило поинаку, ако во една област односно една позиција не се реализираат средствата - имам едно сознание дек не се реализирани средствата по однос нас регресите за камати, јас мислам дека тука погрешно се прави, тие регреси на камати наменти за земјоделството па сега се земаат. Мислам дека требаше да направиме сосема обратно, па тие регреси да ги зголемуваме и натаму за да создадеме можност онаа работа сила што сега се појави како вишок и натаму да се успее да ја задржиме и да не создаваме социјални случаи како што ги создаваме. Дури би рекол средствата што ги даваме

преку социјална помош, ние заправо на тој план треба да ги насочиме, да не создаваме ситуации луѓето да чекаат само од социјална помош да живеат, туку да живеат од производството. А вака како што правиме, мислам дека ја сечеме гранката на која седиме. По однос на ова прашање треба длабоко да размислиме, а слушнавме доста паметни дискусии. Мислам дека и Министерството, ако не е во состојба Министерството за финансии тоа денес да го каже, може да се даде прилика брзо, ако не во моментот, да се исправи и тие грешки, по мене, да ги исправи, да не се намалат средствата во никој случај. Јас дури барам тие средства да с;е зголемат за земјоделството. Како да го задржиме човекот, сакам и натаму тој земјоделец да го направиме социјален случај? Не знам кому му оди во корист таа политика. Јас сум сигурен дека на никого не му оди во корист да создаваме и натаму и од така осиромашениот земјоделец, да создаваме уште посиромашен земјоделец.

Она што можеби требаше да го кажам на почетокот, мислам дека ние како пратеници по малку почнуваме да ја губиме улогата што ја имаме, што ни е доверена од страна на бирачите. Се доведуваме во состојба денес за денес да одлучуваме. Зошто вака се постапува со буџетот? Зошто за така кратко време се носи да се расправа пред Собранието? Мислам дека вакви случаи сме имале доста,. почесто можеби во одредени моменти оправдано. Мислам дека господата од Министерството па и од Владата дека ваквите работи ќе одат да кажам на експертиза пред органите кои даваат разни помошти и не поддржуваат со финансиски средства итн. Мислам дека вака не треба да се постапува. Не знам до кога како пратеници ќе имаме трпение и вака ќе постапуваме, но претпоставувам дека секое нешто има крај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседател, дами и господа пратеници, измените и дополнувањата на буџетот за оваа тековна година кои што се предложени, имајќи го предвид тоа што се предлага, односно намалувањето на буџетот за оваа година, што само по себе треба да подразбира и намалување на трошоците што државата ги прави, сигурно е за поздравување.

Само накратко ќе се обидам да предизвикам една дилема тука пред сите нас, а се разбира, најповеќе пред самата Влада и Министерството, што се однесува на цврстиот курс што го држиме по однос на валутата, односно цврстиот курс на денарот, а преку тоа и задржување на еднормно ниско ниво на инфлацијата во услови на рецесија и намалување на тековните активности во стопанството. Од тоа што може да се прочита во било кое елементарно списание што се занимава со економика, препорачливо е земја која што тежи да го оживее своето стопанство, земја која што тежи да предизвика извоз на своите производи на пазарите во странство, каде што се разбира и перспективата на секоја земја во денешни услови, пожелно е да постои некој процент на инфлаторно движење, што ќе овозможи субјектите да имаат малку простор за манипулација и да имаат интерес да ги извезуваат своите стоки надвор од државата.

**МЕВЉАН ТАИРИ**: (продолжение)

Ваквиот цврот курс на денарот сметам дека е во спротивност со тие укажувања на економистите , при што се смета дека таквиот начин на стопанисување во некоја мера би овозможило да се премавне таа негативна тенденција на рецесија во стопанството и во економијата.

Друга работа која би сакал да ја истакнам, а која, според мене, е важна, некои позиции кои некои други претходни дискутанти ги начнаа, тоа е намалување на некои позиции кои, според мене, се многу важни и не може туку така да се пристапи и да се пресече токму тука. Пред се мислам на Програмата на социјална заштита или на детски додатоци и на оваа категорија на трошоци кои, вака како што се дадени ова намалување сметам дека ќе предизвика натамошно незадоволство кај корисниците на социјална заштита, а со самото тоа неповолна клима во општеството.

Сметам дека Министерството односно Владата требаше да изнајде начини и со некои одредени пертурбации во позициите да овозможи во овие позиции да не се чепнува посериозно. Овие неколку измени барем по мене нема да одат во прилог на тоа што е намера и интенција на оваа држава да биде социјална и хумана. Секогаш тука се сече во социјалата и во овие социјални категории на граѓани.

Втората работа е, која беше спомната тука, намалувањата кои се однесуваат на регресите, премиите кои се даваат во земјоделието, сметам дека и тука треба да се изнајде начин оваа категорија на граѓани кои, поради начинот на опкружувањето, состојбата во која се најде државата, се во многу тешка и незавидна состојба барем државата требаше на некој начин со премиите и со другите припомошти да им помогне во овие тешки моменти за нив за да можат да ги запазат тие

основни текови на репродукција во државата. Се разбира, барем мене ми падна во очи едно скратување кое во секој случај е доста важно, а тоа е скратување во опремата за основното образование имајќи ги предвид тие состојби што ги имаме во моментот и сметам дека овие намалувања во оваа ставка ќе придонесат уште повеќе да заостанува образованието и уште повеќе да се влошат состојбите.

На крајот сметам дека средствата за изградба на објекти во недоволно развиените краишта и намалувањето кое е предвидено околу 500 милиони денари исто така не треба да се најде односно да биде опфатено со овие намалувања и требаше да се направат напорки да се скрати на други позиции.

и дали за се ова интервенирам амандмански, јас ќе се надоврзам на дискусијата на многумина кои тоа пред мене го кажаа дека материјалот вчера го добивме и немало време тоа да се направи. Сите овие белешки кои ад хок се направени во моментот се извлечени од тоа што е дадено во материјалот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ;:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа, колеги пратеници и министри, се разбира, бидејќи се уште има некој министер тука да не удостои , да не сослуша . Пред се, морам да се придружам кон повеќето мои колеги дискутанти и мојата поддршка е комплетна во она што значи еден ваков сериозен обемен материјал да се добие денеска или вчера. Вториот пункт или сектор е она што значи намалување скоро на сите сектори и тука воопшто не би навлегувал дали треба сл. некоја позиција да се прелие во друга. Имено, од шупљо во празно знаеме што значи.

Начелно би ги парафразирал воведните зборови на почитуваниот министер кој од оваа говорница искрено искажа дали еден министер за финансии треба да биде задоволен или не во услови кога буџетот треба да биде намален или да биде рестриктиран. Тоа е јазикот на економијата затоа што не секогаш и не во сите услови намалувањето на буџетот треба да се третира како позитивна определба. Условите во Македонија ги знаеме сите, сиромаштијата е тешка, но треба добро да промислиме дали едно рестриктивно намалување на Буџетот не носи опасност за понатаму да заглибиме и за идната година донесеме буџет кој тука ќе биде некритикуван, туку објективно анализиран во интерес на она што значи буџетски корисници, во интерес на она што значи граѓани на оваа држава, а пред се во интерес на она што значат сектори кои го алиментираат овој буџет. Буџетот на некој начин е една репроцелина, еден реверзибилен процес затоа што ако нема субјекти кои тој буџет ќе го алиментираат тешко на оние кои треба тој буџет да го користат.

Јас бев среќен кога во проекциите на овој буџет многу позиции точно значеа поддршка на она што значи производство, на она што значат стимулации за да во буџетот се слеат поголеми парични средства. Но што е тоа е. Дискутабилно е дали е поисправно да се скрати во секторот што значи земјоделие или во секторот што значи надградба како што е образованието, културата, спортот. Сигурно дека товарот го поднесуваме сите, но има некои работи кои мораме објективно да ги продискутираме.

Имам една начелна забелешка до сите пратеници, а таа би ја свел на следното. Сите сме за поддршка на стопанството во кое го сметам и земјоделието, се разбира и трговијата и туризмот сите тука акламативно даваме поддршка затоа што сме свесни дека живееме од тоа, но кога

доаѓаат тука конкретни предлози и кога треба таа наша определба и приврзаност да ја оплодиме, најчесто таквите преддози не ги усвојуваме. Ќе ве потсетам дека на 5 септември и на 12 септември беше предлог на Комисијата за стопанство кој предлог беше условен со Министерството за финансии во однос на рокот во кој данокот требаше да го исплаќаат производителите. Постигнавме компромис на еден подолг временски рок во услови на неповолни услови на кредитирање да може стопанството и трговијата на големо да имаат еден здив. Овој амандман, ова Собрание не го поддржа. Веројатно ќе поддржиме многу други амандмани за кои одредена структура тука е заинтересирана или е моќна тоа да го реализира.

Една друга работа не можам да ја оправдам и не ќе можам да ја објаснам на моите избирачи и на сите оние кои се обесправени со тоа вклучувајќи ги и вработените во ова Собрание. Укинувањето на надоместокот популарно наречен К-15 сега на крајот на оваа година во услови кога како пример би било добро ако тоа претставуваше проекција за 199 6 година. Што ни се случи сега? За среќа не е тука Благоја Силјановски за да ме критикува, општинските собранија кои исто така се буџетски корисници си го поделија К-15 останаа сите други на кои требаше Републиката преку Министерството за финансии да им го алиментира овој додаток да не го добијат. Ги ставивме луѓето во една нерамноправна положба да работат во исти згради едни покрај други и поради снаодливоста на таа општинска администрација тие да си го добијат тој надоместок, а практично сите други да не го добијат. Мислам една неправда која не ќе можеме да ја одбраниме.

Ако сме затоа, се знае буџетот кој го создава како се алиментира, сето она што беше кажано кои се најголемите генератори кои го надополнуваат, да не ги повторувам, тоа е обврска на Владата и на соодветните министерства, не само Министерството за финансии, да

бидеме на јасно не е само Министерството за финансии обврзно да има контрола и на границите и на терминалите и на цариниte и на се. Во материјалот што го добивме барам објаснување за дека нелогична бројка, а тоа е просечни плати по вработен. Во услови на намален буџет, во услови на зголемена невработеност на стечај и слично имаме податок дека просечните плати по вработен исплатени во оваа година ќе бидат некаде во просек 8 до 10% поголеми од платите исплатени во минатата 199 4 година. Се обидував да размислувам сам , се обидувавме ова да го одгонетнеме колеги пратеници не дојдовме до вистинскиот одговор, со напомена да бидам коректен тука стои според податоци и методологија на Републичкиот завод за статистика, но сепак бидејќи овој материјал нам ни го доставува ресорното министерство барам одговор и на ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници. Мислам дека не ни е првпат да разгледуваме ребаланс на буџет и тоа не е новина само кај нас тоа во цел свет се прави и нормално така се справи затоа што има нарушувања на едната и другата страна во планирањето на приходите и остварувањето на расходите. Тоа значи дека и понатаму ќе владее множество од интереси што поголем интерес да даде помалку во градската државна каса и што повеќе за општи општествени потреби пак од Буџетот на општината на градот Скопје односно на Република Македонија.

Прво, мислам дека Владата сигурно имала проблеми во составувањето на овој акт- ребаланс на Буџетот. Сигурно имала големи тешкотии, но мислам дека е многу чудно вчера да се достави документ а денеска да се расправа по него, не оди така. Еве економистите нека

речат реално дали може така да биде. Не може. Мора да преноќи една недела па убаво да се види што е тоа. Но што е тоа е, тука е, сакам да го искажам своето мислење како пратеник пред овој парламент дека мора при конструирањето на ребалансот сигурно да го имаме предвид фактот дека ние сме биле лошо опкружени. Ние имавме големи загуби, имаме големи загубари, даваме социјална помош и добивавме социјална помош како држава. Сега веќе вратите ни се отворени и најверојатно до година нема вака да расправаме, веројатно ќе бидеме малку побогати. Се согласувам со одредени дискусии на нашиот млад г-дин пратеник за општествениот производ, не знам колку години да одиме наназад, падна општествениот производ, никаков пораст, никако барем да го стопираме, барем да биде на минатогодишното ниво. Овие напори што ги правиме сега за влегување во тие Европски институции и се она што го нарекуваме пазарно стопанисување најверојатно треба да почне од крајот на годината па и до година да си го направиме животот побогат, односно нашиот буџет да биде онаков каков што го кажуваме според макроекономската политика и да се остварат повеќе средства и да не бидеме во дефицит, туку во суфицит. Веројатно ќе го дочекаме тоа! Меѓутоа, морам да речам една работа за која овде во овој Парламент се зборуваше, само да ве потсетам кога се предлагаше и се усвои законот за трговија кога зборував за членот 6 и на комисии и овде се зборуваше за сива економија. Условно велам дека е сива економија, меѓутоа неколку дена потоа во Кратово инспекцијата беше таму и ги затвори сите дуќани затоа што не плаќале данок. Тоа значи нема прилив на средства во буџетот и на општината и на државата, а што знаеме ние каква е ситуацијата во другите градови на РМ тоа значи ни треба силна и јака контрола од страна на Владата односно како што еднаш реков овде пред две три години Елиот Нес-овци непоткупливи при вршењето на контролата казна и било што само за она што се остварува она што е

дел на газдата но и она што е дел на општината и Републиката треба да дојде тука заради подмирување на сите општи и општествени потреби а и нешто да ни остане. Веројатно ќе доживееме такво нешто и сепак би рекол и покрај тоа што за еден ден ни се даде ова, јас верувам дека во Владата се расправало многу за оваа проблематика и мислам дека треба да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас многу кратко сакам да зборувам и тоа само на една ставка ќе се осврнам од ребалансот . Гледаме дека во билансот на приходите разликата помеѓу очекуваните приходи и сега што ги очекуваме по ребалансот изнесуваат 7,4 милијарди денари разлика. Сакам да спомнам дека само на една приходна ставка се помалку на ставката 7 илјади и 111 тоа се акцизи очекуваме помалку приходи о 5 милијарди 415 . Тоа се некаде 74% така што со една ставка сакам да ја погодам 74% од целта каде ни се помалку приходите.

**МИРКО ПЕЦОВ**: (продолжение)

Бидејќи министерот и професор, сакам да спомнам една реченица од факултет кога сум учел втора година, се сеќавам, тука стоеше дека државата е толку зависна од акцизите, односно цигарите стои, оние што пушат, наместо да пушат мора да плаќаат. Сега ние преку Министерството за финансии, веројатно, треба да ги натераме тие што пушат, што пијат алкохол или нафта што трошат тие работи, да си платат. Веројатно, тука се kријат многу работи, можеби и криминални работи и тоа е суштината од каде не ни се собираат приходи од каде ќе мораме да го правиме овој ребаланс.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани колеги, кога зборуваме за Буџетот, можеме да кажеме дека,. сепак, падот во расходниот дел во потрошувачката е за поздравување како определба и како реализација. Овде сакам да кажам дека во миљето сега економско и општествено во кое што живееме зборуваме за исклучителна ценовна стабилност на денарот. Меѓутоа, исто така зборуваме дека Буџетот го формираме во време на исклучителна интерна и екстерна девизна стабилност на земјата.

Во оваа прилика сакам да кажам дека, ако можеме да се пофалиме со ценовната стабилност, односно со ниска стапка на инфлација мораме да кажеме дека девизната стабилност на денарот не е резултат на зголемено производство во Република Македонија односно на позитивни показатели на индикаторите на производството во Република Македонија, туку е резултат на екстерни фактори, односно на прилив на девизи како резултат на кредити.

IX/2.-

Второ, како прилив на девизи, поради кризата во подрачјето кое што постои.

Трето, како резултат на ниска стопанска активност на поголемите стопански субјекти во Република Македонија, кои што предизвикува поради високата каматна стапка и ниско побарување на девизи од банките.

Мораме да кажеме дека Буџетот го градиме во време кога стопанството на Република Македонија покажува почетни позитивни резултати, меѓутоа се уште се наоѓа почнувајќи од 199 0 година во длабока рецесија, односно во длабока стопанска криза. А дека е тоа така покажува просечниот пад на индустриското производство 1994-1995 година за 13,7%, просечен пад на средствата на трудот висок просече пад на средствата за репродукција, пад на средствата за широка потрошувачка и во сите тие сектори и падови на што е резултат една тешка економска состојба во стопанството во Република Македонија условена поради блокадата Север - Југ од една страна, но исто така од друга страна поради ниска стопанска активност на стопанството во Република Македонија.

Последиците од целокупната оваа состојба се очигледни. Имено, ние имаме 2280 субјекти со блокирани жиро сметки во Република Македонија. Потоа, ние имаме спроведени стечајни постапки спрема 2480 субјекти во Република Македонија, кои што во себеси содржат 11% од целокупното работоспособно население или како епилог на сето тоа 31% од работоправните субјекти во Република Македонија со закаснување добиваат личен доход, односно епилог на преструктуирањето на стопанството и на состојбите на рецесија во стопанството се 220 илјади невработени. Што сакам да кажам? Дека овие состојби во стопанството не можат да обезбедат услови за зголемен приходен дел на Буџетот, заради што треба да се оди рестриктивно и во расходниот дел во сите сектори.

IX/3.-

Како последица на овие состојби, односно на продукција како резултат на трансформацијата на сопственичката сопственост и на системската трансформација, евиденција на 222 илјади невработен ова дава негативна рефлексија во оние сектори на државата каде што егзистираат фондови, односно каде што постои фондовско финансирање. Така, постои фискална компресија во Фондот за здравствено осигурување заради неучество на голем број на субјекти во финансирањето, на Фондот за пензиско осигурување, на Фондот за вработување. Ова го кажувам како стратегија и определба на Буџетот овие се сектори како што се и социјалните сектори треба во иднина при градењето ан стратегијата на Буџетот да имаат увид и да ги финансираат.

Јас во оваа прилика можам да искажам и едно задоволство во однос на определбата во делот на трансфер на средства преку Министерството за здравство за одржување на колективното здравје, меѓутоа ценам тоа треба да продолжи, заради тоа што во овие поминати фондови како што спомнав состојбите се доста тешки поради исклучување на спомнатите бројни субјекти, заради постојната криза во стопанскиот сектор во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Арсовски има збор.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани колеги, ќе бидам краток, поради тоа што претходно многу мои колеги се искажаа по предлог на билансот, така што јас ќе се задржам на неколку работи, а најверојатно мојата дискусија ќе биде околу 3 минути.

Прво, морам да признам дека без разлика што има голема критика на овој ребаланс, јас во целина го прифаќам овој ребаланс, заради тоа што ние мораме да имаме таков ребаланс, кој на некој начин мора да направи една корекција на претходно утврдените ставки и позиции за

одредени дејности во Република Македонија. Тоа е неминовно и мислам дека секоја организирана и квалитетна држава мора да го прави тој ребаланс дури јас мислам дека тоа треба да го правиме и на 3 месеци, за да можеме да ја следиме состојбата, заради динамиката која ја имаме и која е присутна. Меѓутоа, ми паѓа во очи неколку работи, гледам дека многу стручни лица искажаа од каде се проблемите во однос на средствата кои не се собрани, за да можат да ги подмират сите обврски што ги има државата, а посебно јавната потрошувачка, која знаете дека во Република Македонија сакале или не имаме околу 94 илјади вработени лица и тоа се на некој начин треба да се изнајдат средства за да се дадат плати и тие материјални трошоци на сите институции, установи итн. Значи, тоа е една голема обврска на сите нас.

Јас нема да настапам демагошки сега од една страна да го критикувам, на пример, Буџетот, ама како лице кое не го правам буџетот туку како лице кое му барам грешки. Гледано од аспект на оној ребаланс и буџетот, мислам дека тој е доста реален. Не знам каква стручна служба да била не би можела поубав ребаланс да направи во оваа ситуација, меѓутоа сега пропустите кои ги имаме. Мене ми паѓа во очи таму каде бил бизнисот, значи, немаме пари. Тоа е основно. Акцизите, не знам онаа дали е од другата стапка итн. Што значи дека ние, можеби секој од нас, па и многу голем број на субјекти, дали тој субјект е иден фактор или политичкиот фактор на еден или друг начин има повлијаено овој буџет да не се оствари. Преку притисокот на соодветните министерства околу остварување на одредени привилегии во однос на увозот, извозот, ослободувањето, неослободувањето и сите ние на некој начин притискаме дали партиски, или непартиски за да на некој начин бидеме ослободени од некоја обврска, но и да бидеме малку побогати. Неслучајно сега ние имаме голем број на бизнисмени, голем број на луѓе

кои работат на увоз и на извоз и гледате дека имаме доста голем број на богати луѓе. Тие богати луѓе некои преку производство, ама викаме дека акцизите не донеле приход . Па, тоа значи дека државата не можела да направи целосна контрола на оној што внесува одредени производи, односно во државата и не ги поминува да не кажам државните обврски.

Гледаме дека имаме голем број на стопанственици од општествени дејности. Јас ја следам состојбата преку одредени показатели статистички и таму гледам дека голем број на организации не ги подмируваат обврските за пензиско - инвалидско осигурување, за Фондот за здравствената заштита и некои други државни обврски. Тоа значи дека отворено и јавно ги кршиме обврските према Буџетот. Сега на некој начин овдека сите критика ама зошто акцизите не ни донеле 200 милиони марки. Па, нема да ни донесат нормално, јас сакам да се протнам таму, другиот да се протне, третиот да се протне, е, молим те ако може моето, сега, тоа е субјективно , јас мислам да бидеме реални дека сите субјективно делуваме нашиот буџет да биде празен. Нашиот министер не може сега да биде стражар на граница и како ќе разговара со царинарниците или со другите, или со одредени субјекти тој сега да им стои над глава ама ти ако ти пројдат камиони те дали ја плати царината. А не сум ја платил. Ама ти дали нафтата ја претера. Не знам. Цигарите? Еве цигарите на пазар ги има. Нафтата оди. Значи, дека ние на некој начин треба да се залагаме и како пратеници и како функционери и како сите субјекти да бидеме чисти пред себе за да може и министерот да има многу подобри услови за да го формира овој буџет. Во спротивно, јас тврдам ако сакаме пак субјективно да делуваме, политички да влијаеме , пак ќе немаме буџет, а тоа значи како пратеници доаѓаме од некоја средина па викаме, леле во образованието многу се ниски личните доходи. Па, немаме материјални средства за инвестиција

итн. Значи, и ние на некој начин добро влијаеме во тој однос. Меѓутоа, сакам само да спомнам за една ставка овде во Буџетот која се однесува за социјалната програма. Ние социјалната програма ја донесовме и верувајте можеби Владата направи таква социјална програма, намерата и беше добра, меѓутоа, самата таа програма, ми се чини, барем јас така ја гледам дека е доста широка. Заради тоа што нема материјална основа. Во тој случај, не случајно дојдовме во ситуација да ги менуваме односите токму во социјалната програма, која верувајте дека правата кои и сега се поставени спрема одредени законски прописи, тие несе остваруваат до крај заради тоа што последната исплата во сите елементи каде има социјален аспект, тие заклучно со јули не се извршени исплати. А тоа значи дека ако дојде до намалување во овој дел можеби можеме да ја загрозиме таа категорија која сепак ја прима.

На крајот давам поддршка на овој предлог биланс.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Ве молам, ако има уште за дискусија да дадеме пауза од пола час, па да продолжиме. Гледам дека уште се јавуваат за дискусија

(Пауза до 15 часот)

X/1/JJ/лј

(ПОСЛЕ ПАУЗАТА СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖИ ВО 15,30 часот)

**ТИТО' ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Дали уште некој бара збор?

Има збор Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, иако не сум многу вичен во овие бројки, да ги толкувам, меѓутоа не сум толку невичен да забележам дека ребалансот што ни се нуди за некого значи мајчица а за некого маќеја со големо М. Зошто го зборувам ова? Затоа што не добив објаснување кои се причините, процентите на намалувањето во овие услови да бидат толку различни од 4 до 40%. Си дозволувам да кажам дека навистина е направено без образложение не доби сознание кои се причините што е тоа така направено. Јас знам дека ребалансот на Буџетот се прави затоа што има потреба, затоа што има недостиг на средства, недостигаат средства толку, ама за мене би било најприфатливо сите корисници на буџетот тоа подеднакво да го почувствуваат. И јас би бил најсреќен кога денеска би разгледувале ребаланс на буџет кој е во позитива, кој што не е рестриктивен, ниту тоа, на жал не е така. И сега сме доведени во ситуација да не можеме ние да реагираме амандмански, затоа што министерот ни кажа дека доколку реагирате амандмански, морате да дадете предлог од каде да се одземе и каде да се даде. А како овој материјал од 200 страници да го проучиме за толку кратко време. Вчера го добивме и немаме едноставно можност тоа да го направиме. Јас мислам дека во некои стапки некои министерства навистина се привилегирани и некои да не кажам министерства или корисници на буџетот се привилегирани а други не. Ќе беше за мене многу поприфатливо доколку во оваа немашти како што

велиме за жал немаштија, сме принудени да носиме еден рестриктивен биланс на Буџетот, меѓутоа за сите подднеднакво како корисници го почувствуваат тој недостиг на средства. А вака едни си имаат се, потрошија се, а другите не. Имено кога го донесовме Буџетот им рековме на буџетските корисници имате предвидено толку, и во тие рамки планирајте ги работите. Сега одеднаш велиме, не се шалевме, немаме толку, не бевме доволно ангажирани, не ги собра државата сите пари што требаше да ги собере а од кои причини јас не знам, вие подобро знаете од мене и сега ќе правиме рестрикција. Рестрикција таква со која еден ќе добие помалку а друг повеќе. Јас не знам на кој начин да се реагира сега во овие услови кога навистина немаме време да направиме една опстојна анализа, а простата математика зборува дека нееднаков е процентот на оштетување на корисниците на буџетот.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Има збор г-динот Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас ќе се обидам барем на некој дел од прашањата да одговорам, иако веројатно не ќе можам на сите, а за некои не мора да се одговори, беа повеќе реторички поставени.

Еве сега вака ќе одам без специјален ред, онака како што ги гледам тука запишано.

Се забележа околу средствата од приватизацијата т.е. дека беше планирано 500 милиони а се платени 300 милиони. Прво беше прашањето за разликата а второ кој го овластил буџетот да го троши. Ова околу висината. Разликата во висината се јавува заради, затоа што приходот од приватизацијата зависи од видот на моделот што ќе се избере. Има модели кои што носат многу пари одеднаш а има модели

кои носат малку пари одеднаш. Во овој случај главна причина за помалку приходи од приватизацијата е со најголем дел од старите што треба да се платат се платија со замрзнатите штедни влогови. Тоа значи сумата на прибрани средства по тој основ бидејќи по законот за приватизација и замрзнатите штедни влогови се сметаат како ќеш пара, е многу голема. Меѓутоа, таа е фактички раздолжување веќе однапред на државата спрема смалувањето на долгот. Ние како министерство за финансии веројатно би биле посреќни да доаѓаат пари, меѓутоа, сите ние и министерството има обврска и кон замрзнатите девизни влогови, така што и тоа не е лошо што се смалува тој долг. Јас мислам дека е добро што барем еден дел од луѓето успеаја да го решат проблемот на долгот.

Второто прашање, фактички за трошењето на парите од агенцијата, тоа е нешто што агенцијата треба да си го поднесе пред Собранието и е индиректно да се поставува тоа прашање на Министерството за финансии. Меѓутоа ако сакате барем да цитирам еден дел од намените з а кои што сме агенцијата да ги троши парите, вака е наведено, прво намалување на долгот на Република Македонија кон странство, второ, смалување на долгот на Република Македонија спрема нашите граѓани, трето, за решавање на социјалните проблеми, четврто за решавање на некои развојни проблеми во приватизираните претпријатија.

Погледајте ги четирите елементи и погледајте го буџетот, на што овде е најголемата потрошувачка. Тоа е на враќање на долговите во странство, на враќање на долгот дома, сервисирање на дел од замрзнатата девизна штедња, одеше за социјални програми огромен дел од буџетот. Тоа значи врската помеѓу законот и трошењето, апсолутно е во согласност со намерите што ги имал законодавецот, донесувајќи го законот.

X/4.-

Имаше прашања околу Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи, дека се работи за преферирање на овие две министерства наспроти ова другово. Ако некој не познава, сигурно нема да помисли дека јас такво нешто сум направил, зашто едноставно повеќе имам разбирање за другите активности отколку овие што се од оваа сфера милитаристичка, таков сум како тип. Меѓутоа, заради мои лични симпатии сигурно не. Се работи за тип на трошоци. Имено, да го земам Министерството за одбрана како типичен пример. Министерството за одбрана најголем дел на трошоците му се фактички за издржување на војничињата што се на отслужување на воениот рок. Тука вие имате за секојдневни трошоци за храна. Тоа значи немаме овде набавување на топови, тенкови, пушки, и не знам какви други орудија за кои може да ја пресечеме набавката и да му кажеме господа ќе почекате малку подобри времиња, сега не е време за наоружување. Сега навистина не е време да се наоружувате и тоа е точно. Меѓутоа, таа војска која што ја собираме сепак да ја чува оваа граница мораме дневно да ја храниме. И тоа е еден трошок кој што секој ден се појавува и сакале ние или не тоа е тип на трошок, кој што вие не можете да го прекинете. Кај Министерството за надворешни работи од кој дел беше скратен? Беше скратено од делот што значи опремување на претставништва, на згради, што е апсолутно потребно и меѓународна афирмација на Македонија е потребна. Меѓутоа, ние веќе имаме поставено основна мрежа. Второ, во овие два месеци она што се планира ќе се изврши, а тие средства тука во овие два месеци се неопходни. За дел од трошоците може да се договори со мало изместување кон Буџетот од идната година.

Понатаму имаше едно прашање, што со пренесените средства од 1994 година. Зашто тие не отидоа за отплата на долговите, и зашто не отидоа за нешто слично? Од причина, иста, вие практички го дадовте

одговорот а не ги споивте двете работи. Вие рековте зашто декемвриската плата се исплатува во јануари, после не прашавте зашто пренесените средства од декември минатата година не сте ги потрошиле. Едноставно, нашиот систем е таков, платата да ја плаќаме по изминувањето на месецот и во договор со ММФ тоа не смееме дури ни да го правиме, пред пети во месецот да се исплатува плата. Тоа значи платата за декември можеме да ја исплатиме само после 5 јануари. Од таа гледна точка пренесениот износ од минатата година е употребен токму за оваа работа и од истата таа причина не се создава нова дупка со одлагање на плаќањето туку тоа нормално си оди во наредната година, прибраните средства во декември ќе се потрошат како плати во јануари.

Зборувавте и за различни проценти и особено цитирајќи ја народната банка и Министерството за финансии. Меѓутоа, јас би ве замолил повторно да ги погледнете бројките. Едната бројка што ја спомнавте е точна, 14% али бројката е точна на именувањето на инфлацијата, во оној извештај кој што го цитирате од Народната банка, тој го имаме и ние и ние ја даваме истата бројка е за првата половина од годината каде имаме опаѓање за 14% на индустриското производство. Ние овде зборуваме за општествениот производ кој опаѓа 4%. Во што е разликата? Прво, разликата е што тоа се планира за првите шест месеци што значи можни се и поинакви движења и второ што таму не е пресметано земјоделското производство кое доаѓа во летото и токму сите тие движења заедно резултираат со опаѓање на општествениот производ само за 4%, колку што сметаме дека ќе биде.

Во врска со падот на општествениот производ дека е тоа критериум на квалитетот сигурно. Тоа не е спорно. На крај на краиштата сите ние се бориме за пораст на општествениот производ и се додека не постигнеме пораст на општествениот производ ние не сме излегле од економските проблеми ниту моето излагање треба така да се разбере, а

X/6.-

ако така сте ме разбрале, воопшто лошо сум се изразил. Напротив, јас реков дека тоа е оној елемент кој што не го оствваривме и што не е добро дека не го остваривме. Додека другите ги оствваривме и тоа е добро. Меѓутоа, да се зборува дека можевме да оствариме и пораст на општествениот производ, јас тука би бил, да ви кажам воздржан во овие услови, јас не знам, и на крај на краишта нас не ни се случи пад во општествениот производ о. г. прв пат. Нас тоа ни се случува многу години наназад. Она што оваа година ни се случува дека е падот понизок, ако се остварат овие крупни проценти до крајот на годината, е многу понизок отколку минатата година, Многу понизок лани отколку претходните години. И тоа е она кое што од една страна погледано како пад за о.г. апсолутно не може да не радува, меѓутоа, ако го споредиме, ако е знак за извесно стабилизирање, тогаш тука може да се види и трагата на надеж.

Имаше доста дискусија околу земјоделието јас не би сакал да навлегувам во детаљи, дури и заради самите дискутанти. Меѓутоа, има различни начини на помагање на земјоделието. Оваа година гарантираните цени се така високи што однесоа и значаен дел од Буџетот и мислам дека беа сериозна помош во земјоделието. И мислам дека тука во вкупната политика Владата не направи некој посебен пропуст, не се огреши кон оваа гранка напротив јас навистина заради тоа не би навлегувал во детаљи тука да елаборирам што е и како е извршено но доста е направено. Имаше едно интересно прашање - што се очекува од укинувањето на ембаргото? Ние многу често сме говореле дека ембаргото е причината заради која се наоѓаме во лоша економска ситуација и многу е легитимен е да се праша што ќе биде после ембаргото. Дали се ќе процвета? Иако ембаргото е како и затворената грчка граница во голема мерка придонес за опаѓање на производството за неможност на пласман од домашното производство, за порастот на трошоците на производството, за нерентабилност на македонското

производство до таа мера да не може да се пласира надвор, отворањето на грчката граница, секако ако навистина тоа појде добро, ќе значи огромно смалување и на трошоците и на можностите за извоз и оттука ќе значи извесен поттик за производството, дел од оние крупни капацитети ќе проработат повторно. За што кој успеа во ова време практично добро да опстои. Во Македонија добро опстојаа само оние чии што пазар беше ограничен на Македонија. Сите оние кои што не мораа да ги напуштаат границите на Македонија, тие и во овој период успеаја да порастат во производството. Меѓутоа, сите оние а не се малку кои што имаат капацитети за многу поголеми пазари отколку што е македонскиот, веднаш беа ставени под притисок на зголемените транспортни трошоци и се соочија со огромни тешкотии во извозот и со огромни проблеми.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ**:(продолжение)

Отворањето на јужната граница секако ќе значи смалување на тие трошоци и оттука е отворање на одредена перспектива, меѓутоа, јас не би сакал да ме обвините како човек кој што неоправдано за се говори во оптимизам и во розеви бои, има нешто што може да ни претставува проблем, а тоа е она што досега го фалеа наиме, јас велев дека е големо постигање она што го направивме со инфлацијата, меѓутоа, опасноста на отворањето на границата, јужна, особено на северната, можеби ќе може да биде сериозна опасност за зачувување и на стабилноста на курсот и за зачувување на инфлацијата затоа што најголем дел од инфлацијата во Македонија беше увезена инфлација, ќе се зголеми побарувачката за девизи. И, сега видете што е ние за тоа преземавме одредени мерки, а тие мерки се огледаа во тоа, вие не можете да ги видите затоа што тоа не е прашање директно сврзано со буџетот, меѓутоа фактички подигањето на девизните резерви во Македонија кои што многумина го напаѓаа како крајно неразумна политика која што ги зема парите од производството и ги става на непродуктивно место е фактички, главното, така да го наречам перниче на кое што ќе се потпреме во една ваква ситуација.

Ние правевме одредени математички модели со кои што сакаме да испитаме каква е нашата издржливост за евентуално повторно отворање на границите и зголемена побарувачка за девизи. Сметаме дека имаме доволно резерви и курсот да остане стабилен и инфлацијата да ја чуваме под контрола и тоа е она и ако имавме различности, тоа е она за што донекаде дури и бевме напаѓани, меѓутоа, мислам дека сега добро ќе ни дојдат тие приходи.

XI/2.-

Меѓутоа, ако смеам да сумирам од повеќе дискутанти, беше да речам најчесто истакнувано дека министерот недоволно се осврнува на смалените приходи. Ве молам, ако го погледнете она што го реков, јас реков дека смалените приходи влијаат или се причина да се менува буџетот, меѓутоа, ја објаснив врската меѓу смалените приходи и таму идентифицирав два дела. Едниот дел смален приход заради смалени цени и заради смалено производство. На почетокот на годината и на индустриското производство пад од 14%, а во тоа време земјоделското производство е многу мало. Автоматски тој пад на производството се одразува врз смален приход.

Второ, не подигањето на цените автоматски е основицата врз која што се наплаќа данокот на промет е многу пониска. Втор елемент на опаѓање на приходот. Меѓутоа, исто така јасно реков дека постои евазија на данок и дека тоа е нешто со што ние се бориме и константно ќе се бориме, затоа што тоа не е битка која што еднаш засекогаш се завршува. Ќе донесете една група закони со која што ќе затнете одредени можности за евазија. Оти, евазијата е можност да се направи на два начина. Еден начин е преку изигравање на прописите или недобро хармонизирани прописи, а второ, фактичката контрола на лице место. Ние имаме органи кои што треба да го соберат данокот и сигурно нивно дисциплинирање ќе користи за зголемување на приходите. Тоа дури директно го реков во моето излагање така што мислев дека тука немаме никаква разлика.

Е, сега, има неколку амандмани, јас морам да го повторам она што го реков, со молба да ме разберете и со молба да сфатите дека не желбата да бидеме према некого мајка, а према некого маќеа. Напротив во редукцијата на поедини членови одевме да видиме каде ќе направиме

најмалку штета, каде трошоците ќе бидат такви што ќе може да се премости овој период од два месеци за кои што фактички ќе се однесува ребалансот. И, секаде онаму каде што на пример е планирана поголема набавка, меѓутоа, не е распишан тендер, тендерот ќе трае еден месец, па оценување на понудите ќе трае уште еден месец. Сеедно, тогаш нема потреба да се парите тука на таа сметка и тогаш за тој случај кај тие корисници на буџетот земаме повеќе затоа што објективно нема да му затребаат тие средства. Зошто одевме вака, зошто не отидовме кај сите линеарно. На сите линеарно ќе изгледаше поправедно, меѓутоа гледајќи ги функциите, тогаш ќе бевме некому мајка , некому маќеа. Ако на сите линеарно им пресечевме на некому ќе му оставевме за програма кому што не му е потребна, а некому ќе му земевме за програма што не може да се откаже.

Јас ви реков дека одевме со двоен пристап, прво да ги оценевме програмите и резервите што ги имаме во самите програми и редукцијата да ја правиме таму каде што остварувањето на самиот програм ни дозволува ваков тај аут од два месеци, каде што нема да направиме сериозна штета ако за овие два месеци се прекинат тие исплати. Од кога ги утврдивме тие средства, од тие програми од кои што можевме да ги извлечеме, тогаш понатаму отидовме на линеарно смалување на сите министерства подеднакво. Ако ги соберете сите заедно ви се појавуваат разлики меѓу поедините министерства, меѓутоа, тоа не е различен третман, туку оценка на програмите и каква штета би била за еден програм, затоа што јас не верувам дека било кој министер,било кое министерство, ни дало нешто што е потполно непотребно.

Бидејќи буџетот има еден принцип да биде уравнотежен, тоа значи приходите и расходите да бидат еднакви, практички ако некому од буџетските корисници не земеме, не можеме на никого га дадеме. И, ве молам да не се занесуваме во непријатна ситуација со предлози овде да се зголеми за 10 милиони, овде за 11, онде за 20 милиони, затоа што едноставно дури да сакам не можам да речам да, дури да сакам, дури да го поддржувам не можам да речам да.

Ситуацијата на буџетот, неговата избалансираност и обемот на неговото смалуваше е договорен со сите меѓународни институции. Вие велите зошто толку скоро? Што се однесува до Владата можеше да почекаме до следната недела. Меѓутоа ни Парламентот немаше намера да се состане следната недела, а веќе следната недела ни е краен рок да го испратиме пред меѓународните институции. Досега јас не го употребував овој аргумент, затоа што мислев дека не е коректно да се криеме зад меѓународни институции, ова е политика зад која што ние стоиме иако треба наша е одговорноста, меѓутоа, ви ги кажувам фактите зошто е таков тајмингот.

Има еден амандман кој што тука го гледам, се работи околу К-15. Видете што е, укинувањето на К-15 не е работа за која што ние бевме одушевени да направиме. Меѓутоа, таа беше една од малкуте работи за кој што експлицитно се бараше од Владата, не беше важна сумата, меѓународните финансиски институции бараа одредени видови на скриени доходи, затоа што тие тоа така го викаат К-15, хранарина, детски додатоци, додатоци за превоз, да бидат полека укинувани и како во целиот свет да се има една плата од каде овие потреби ќе се алиментираат, така што како дел од реформите или како дел од спремноста на реформирање на тој стар систем се побара од нас

експлицитно укинување и на ова и на регресите на каматите за земјоделските производи. И ако ова го одбиеме нема да се случи ништо трагично, меѓутоа, со тоа, го прекинуваме стенд бај аранжманот, со сите последици кои што следат потоа.

Мислам дека има доволно место сите да бидеме, ве молам господо јас ве слушав, ако не ви е тешко, (им се обраќа на пратениците) мислам дека самиот факт што се наоѓаме на два месеци на крајот на годината дава доволно простор за секој добронамерен да разбере дека ништо трагично нема да се случи во овие два месеци околу средствата и дека ниедна сериозна хаварија нема да настане во ова стопанство. И затоа ве молам овој проект кој што ви го нудиме да не го рушите преку амандмани.

Благодарам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, драги колеги, немав намера да се обратам до Собранието, да се обратам до министерот, меѓутоа, сакам да потенцирам во однос на средствата кои што се рестриктивни за Министерството за надворешни работи.

Прво да кажам дека оваа дискусија на министерот допри- несе да ни покаже дека треба да постои едно правило луѓето или установите кои што се корисници на буџетски средства се понашаат многу дисциплинирано и да си ги трошат парите така како што треба. А знаеме дека добрите домаќини секој пат реализацијата на дел од буџетот го реализираат на крајот од годината , кога ќе си ги видат сите свои сметки. Сакам да кажам дека ова по малку ме потсетувале на дискусија дека разговараме за буџетот за 199 6 година, а ние разговараме за ребаланс на буџетот за оваа година.

XI/6.-

Ако го погледате делот кој што се однесува ребалансот на буџетот за Министерството за надворешни работи, мислам дека тоа е раздел 11, мислам дека сите стапки се рестриктивни од трошоците под глава I, до капиталните трошоци кои се предвидени за ова Министерство. Апсолутно не сум подреден и одреден да го бранам Министерството партиски за средствата кои му се доделени, меѓутоа, на сите нас ни е мило како граѓани на оваа држава, нашите претставништва во странство бидат опремени на најминимално ниво од технички, безбедносен и било каков друг карактер. Бака рестриктивно однесување на односот према Министерството не му дава шанси на министерот да овозможи мрежата на нашите претставништва во странство да биде опремено на најминимално ниво. Ова ви го кажувам од сопствено искуство, зборувам за опременоста на кашите амбасади, а скоро бев во една земја, во Република Турција, мислам дека тоа не е вина на министерот, меѓутоа, можам да кажам дека Министерството не располага со најминимални потребни технички средства за комуникации со државата. Мислам дека комуникацијата се обавува со најнормални телефонски врски, дека приемите кои што треба да се одржат и да ја презентираат или да организираме прослава на денот на независноста, денот на државноста, поминува без било какви свечености. Од ова сакам да кажам дека алудирам на тоа дека мораме а веројатно министерот ќе запомни дека во буџетот за 1996 година, тој рече дека постапката капитални трошоци,се пренесува за следната година и дека тогаш ќе можеме тие пари да ти предвидиме и да ги потрошиме за наредната година.

Значи алудирам на тоа дека на министерот не му беше пружена шанса да може да ја организира мрежата на најминимално ниво.

Благодарам.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, сметам дека ние како пратеници ја носиме одговорноста и за билансот и за ребалансот на буџетот и не можеме да бегаме од тоа и покрај тоа што министерот кажа дека целата одговорност. Владата ја носи како предлагач, а бидејќи е сам предлагач ние како донесувач на овој ребаланс и те како ја носиме таа одговорност.

Не сакам јас многу да се потсетувам на донесувањето на овој буџет, кој што исто така беше донесен за два дена по скратена постапка. Исто така и сега ребалансот го носиме уште по поскратена постапка. Јас материјалите ги добив синојка, бев викнат на комисија во 9,00 часот и во Собранието да расправаме по буџетот.

Пред да кажам нешто, вака ребалансираниот буџет ме интересираат следните работи:

Прво, дали тајмингот на разговори со ММФ е работа за која што дознаваме од вчера. Сигурно тие не рекле утре доаѓаме кај вас и дајте ни ги овие податоци или работи.

Втора работа, дали ребалансот на буџетот е работа кога што е иницирана од ММФ или е работа на Владата која што има перманентна задача да го следи остварувањето на буџетот и неговата реализација и во склад на тоа, бидејќи буџетот е дел од макроекономската политика према тоа да ја уредува и управува таа макроекономска политика.

XI/8.-

Понатаму, јас прашувам и покрај тоа што така фино министерот го кажа дека падот на производството е така мал 14%, па треба да се стабилизира падот, значи перманентно паѓа . Нема промени на падот, ни побрзо, ни поспоро, отколку перманентно. Дали бројката од 13,7% пад на производството е бројка која што ни треба да не возбудува, особено Владата која што ја следи и ја уредува економската политика или една работа која што, на која што тие како треба да се внимава и врз база на тоа да се влечат одредени потези на таа макроекономска политика.

Моето прашање гласи: Колку треба да падне производството во оваа држава, па економската политика на Владата да биде неуспешна, ако оваа е оценуваме успешна, колку, дали 95% треба да падне производството, па дури тогаш да проработат сензорите за реакција и менување на оваа макроекономска политика? Јас не знам, во малку посериозните држави каде што имаме пад на производството од 14%, а при кое што имаме планирано пораст на производството од 1; 1,5; 0,8 со 1,5, што го имавме планирано и кога во овој период од 6 месеци, зашто таа политика ја донесовме во март, нема промени на надворешните услови во негативна смисла јас барем така мислам, бидејќи ништо не е променето, напротив сега има некои промени према надвор во позитивна смисла, дали не треба да биде предмет на елаборација, што е тоа што се случува или ќе бидеме задоволни со тоа што стои инфлацијата, што сме обезбедиле резерви, девизни резерви итн., и тоа го рачунаме како успех на нашата економска политика. Сите овие претходни работи што ги зборувавме и инфлацијата и резервите и сето друго се во функција на ова. Ако ова не чини, тоа претходното е само работа која што ни кажува дека ова не чини. Ние сега сме стигнале со правилното мерење, нема ни инфлација, сме стигнале со мерењето на неуспехот на економската политика.

XII/1.-РД/ОМ

**ЛАЗАР ДИМОВ :** (Продолжение)

сто така, бидејќи многу малку време има да се гледа, ние пратениците сме хендиќепирани во однос на Владата бидејќи очигледно сега освен тоа што ми стоеше анализата за макроекономска политика сме хендикепирани, нека ме извини министерот, ако некој елементи ги нема, но вака како што се пласира материјата сметам дека следните работи се прилично забележливи во приходите на Буџетот. Во приходите на Буџетот добро ако погледнеме ставката на персонален данок од доход што го викаме, тоа е данокот на личните доходи, стои на предвиденото ниво. Ставката акцизи паѓа, ставката данок на промет паѓа. Овде ние или Владата сигурно треба да направи да види што се случи.-о. 35-36 илјади работника си отишле дома, персоналниот данок расте на база на тоа што сега овие луѓе земат некоја стечајна маса на кој е што се плаќа персонален данок и дефакто ни прикажуваат една лажна слика. Кога на тие луѓе ќе им заврши тој став, тие пари ќе ги нема. Една прилично загрижувачка работа е падот на акцизите. Тие најмногу паѓаат. Кога знаеме дека тие акцизи воглавно лавовскиот дел го носат нафтата, цигарите, што може еден прост граѓанин да си одговори зошто паѓа. Нафта не се троши помалку или бензин, цигарите исто така не се трошат помалку. Прашањето е дека вентилите на прибирањето на овој данок овде се ептен отворени, а за да бидат ептен отворени се знае кој може толку многу да ги отвори. Мислам дека тука може прилично се зборува.

Понатаму, стана збор за приходите од котизацијата. Без разлика што министерот кажа дека тие приходи се наменети во прв план за враќање на долгови на државата, за социјала и т.н., тие приходи требаше и сигурно преку заробените девизи, тие приходи ќе се искажат

како приходи во Буџетот, а од таму како расходи да одат за отплаќање на долгот на државата. Сигурно дека таа работа така не може да биде.

Од сето ова што го кажав, за мене најалармантна работа на која што треба да се обрне внимание е падот од 14%. Ако ние така си го објаснуваме како што го објасни министерот, тоа значи дека министерот очекува до крајот на годината пад од 20%. Дали во такви услови на пад на производство не треба да се менува макроекономската политика, макар и со девизните резерви, макар и со инфлација и т.н. Ако овие две работи ги држиме добри , а оваа третата не чини, милам дека работите не се добри. Исто така, многу битна работа е и следната. Ние сега зборуваме дека Буџетот страшно ќе се намали. Прашањето мое е следно: Зошто Буџетот беше толку голем преку тој општествен производ што ова стопанство го има, не може овој буџет да го поднесе. И вака паднат е." видиме на крајот на годината дали министерот ќе успее да ги обезбеди овие пари. Без разлика на сите напори што ги прават вака или онака, објективно не се создава никаква вредност. Ако не се создава, ние не можеме да сметаме на ваков буџет. Воедно сакам да кажам намалувањето на буџетот го поддржувам но формата и начинот сметам дека е неодговорно вака оваа работа да ја правиме.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. не би се впуштал во дискусија разглабање на позиции. Мислам дек преовладуваа во оваа> цела дискусија два момента. Зошто не се ставени механизмите во функција и не се прибрани дел од средствата, тоа е едното прашање, и второто прашање кога на почетокот на годината го носевме буџетот од оваа говорница, реков дека Буџетот е преамбициозен, добив одговор

дека правилата на играта на ММФ многу ќе беше по вкусно министерот да ни ги кажеше правилата на играта на ММФ. Мислам дека ќе немаше нејаснотии. Ако играме по тие правила на игра ќе беше многу добро да кажеше министерот. Условени сме ова и ова е кажано и преку ова не може да се мине. За оваа проблематика поставив две пратенички прашања. До ден денес немам добиено одговор. Мојот предлог е ако треба да биде затворена седница, ако е тоа строго доверливо да се направи пратениците да се информираат што е тој баук ММФ, што е тој стенбајерн аранжман. Да се кажат правилата на играта. Кога ќе ги знаеме правила- та на играта ќе ни биде многу полесно и мислам дека нема што понатаму да се прават турбуленции. Сме да се намали Буџетот да има рестрикции да видиме за два месеца ништо битно во државата нема да се промени.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас навистина ќе бидам сосема краток бидејќи г-динот министер спомнува некој мој размислувања. Јас во моето образложение не зборував за исплата на средства, зборував за обезбедување на средства г-дин министре. Поимот обезбедување и исплата се сосема различни поими, кога се однесува за платата за месец 12 за наемниците и дневниците. Од тука ситуацијата сосема е јасна. Значи немаме обезбедени средства за месец 12.Понатаму што се однесува до општествениот производ не се работи аз мешање на поими односно јас не го сфаќам дека општествениот производ го создава само индустриското производство. Но од причини што до 6 месец немаме земјоделско производство, тоа значи автоматски дека е тоа општествениот производ. Тие синтагми се сосема јасни.

Понатаму, што се однесува до девизните резерви, тре5а да се напомне еден факт дека до тие девизни резерви не се доаѓа како резултат на извозните зделки на нашите извозници, туку пред се тука

влијаат три елементи. Тоа се нето девизните средства кои ги носат нашите вработени привремено во странство друго потрошокот на девизи од страна на контингентот на УЕН и нето ќеш девизите кои на црно доаѓаат во Македонија преку трговската размена со Србија. И тука се аргументите зошто ние имаме стабилен девизен пазар и зошто ние секојпат имаме поголема понуда од побарувачката. Како нус продукт на тоа имаме стабилен курс на денарот.

Јас ништо не слушнав од г-динот министер од аспект на критиките кои беа упатени аз неадекватната организациона поставеност на неговото министерство, особено на Управата за јавни приходи. Мојата критика беше добронамерна, бидејќи токму тука лежи субјективната кривица за незбирање на даноците и другите приходи на државата. Во таа смисла апелирав г-динот министер да се изјасни кога планира таа служба да ја организира адекватно на потребите за пари.

И на крај што се однесува до 10% планирана инфлација која изгледа сега не се користи јас мислам дека би било многу економски поадекватно и подобро преку тој монетарен вентил кој постоеше да се отвори една можност за една зголемена, односно да кажеме излегување од оваа рецесија преку тој вентил. Но за жал тој вентил не е искористен, иако јас сум сигурен дека тоа ќе значеше еден чекор напред од оваа рестриктивна политика што ја имаме која ги остава овие последици кои ги остава и сигурно тие 10% не ќе беа извор на некоја голема инфлација од која се плашиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот во начело.

XII/5.-

Отворам претрес по текстот на предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1995 година.

Пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Слободан Даневски, Зоре Темелковски, Владе Давитковски, Благоја Стојковски, Благој Стефановски,Драган Поповиќ,Бранко Арсовски и Димитрие Поповски поднесоа амандман на член 3 раздел 2303 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски поднесоа амандмани по делот биланс на трошоци во категорија I, тековни трошоци и во делот биланс на трошоци, пот категорија III по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски, поднесоа амандман на член 3 раздел 12 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на делот биланс на трошоци во категоријата I, тековни трошоци поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Ова е фактички на извесен начин враќање на К-15 јас реков дека ние сме тука врзани со самата категорија, дури самата сума прави проблеми, затоа што ако го прифатиме ова треба да ја намириме од некаде. Меѓутоа, категоријата К-15 како таква како додатен скриен доход не смееме да ја вратиме. Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

XII/6.-

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван потпретоедателе, почитувани пратеници, ајс навистина со поднесувањето на овој амандман немав никаква намера ни да му пркосам на ММФ , ниту на министерот, ниту на Министерството, туку едноставно сакав да го поднесам од принципиелна гледна точка, заради тоа што сум убеден дека ММФ сигурно не сугерирал ребаланс на Буџетот во позиции, или по раздели, по ставки или потставки, можеби појдено е принципиелно колку треба да биде намалувањето од х причини што претходниот говорник го кажа. Прво и јас сум за бришење на К-15, меѓутоа во наредната година, проекциите се за наредната година, а не за оваа година, бидејќи таа ставка постоеше во Буџетот и кога еден добар дел од вработените во оваа држава примија К-15,остана една категорија корисници на буџетски средства која што сега останува 5ез тоа.

За висината на сегашните плати, веројатно и министерот се согласува со мене на работниците во Управата се лоши к процентуално ако се земе к-15, со намалувањето на хранарината и превозот, фактички влијае и те како процентуално на и онака ниските просечни плати во текот на годината на овие вработени. Затоа го поднесов овој амандман затоа што сметам дека во оваа година принципиелно треба да се постапи да се исплатат К-15, а за наредната година во проекциите буџетот за 1996 година е друга работа дали ќе има или ќе нема.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се работи сепак за една поголема категорија на граѓани, вработените во образованието, здравството, управата и да не ги набројувам сите оние корисници и сметам кога веќе ММФ дале виза во проекцијата на буџетот аз оваа година, нема смисла тука да се

оправдуваме  дека на два месеци пред крајот на годината ММФ открил некоја заткулисна работа нелегална и слично. Оваа година имаме потполно илегално и мора но право тоа да го браниме пред ММФ, а за идната година, во проекциите за буџетот оваа ставка и слични такви да ги наречеме инкриминисани од тој ММФ нема да ги предвидиме и воопшто тоа нека биде образложението. Инаку создаваме една клима на недоверба, една клима дека за оваа категорија на граѓани не се интересираме што сметам дека не е во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (32)

Кој е против? (2)

Кој се воздржува од гласање? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот во дел од биланс на трошоци во категоријата I, тековни трошоци поднесен од пратениците Љупчо Мешковски и Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мое демократско право е драги колеги барам поединечно изјаснување. Барем ќе видиме кој за што гласа и како гласа. нека видат убаво граѓаните за што гласаме овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеника што го поддржуваат г-динот Стојановски

11 пратеници.

Го молам секретарот да помине на поединечно гласа&е.

XII/8.-

# С П И С О К

## на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | против |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | не е тука |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | не е тука |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | против |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | воздржан |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | не е тука |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | воздржан |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | за |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

XII/9.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | против |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | за |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | воздржан |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | воздржан |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | воздржан |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | не е тука |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | против |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | не е тука |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | воздржан |
| 51. РИСТО МАСЕВ | воздржан |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | воздржан |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | не е тука |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |

XII/10.-

| | |
|---|---|
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | не е тука |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | за |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | за |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | воздржан |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | не е тука |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | за |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | за |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | не е тука |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 87, НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | не е тука |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | за |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | не е тука |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | не е тука |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 104. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 105. РИСТО ТРАЈКОВ | против |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. РАМИ ТУДА | за |
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | не е тука |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | против |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 116. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | за |

Има ли некој што не гласал?

Димче Настоски - "за"

Живко Јанкуловски - "воздржан"

Владимир Соколовски - "за"

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(По пребројувањето на гласовите)

Вкупно гласале 66 пратеници, "за" - 33, 12 "против" и 21 "воздржан".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот во делот Биланс на трошоци во категоријата 1, тековни трошоци, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот во делот Биланс на трошоци под категорија 3, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски.

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 23.03 поднесен од пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Слободан Даневски, Зоре Темелковски, Владе Давитковски, Благоја Стојковски, Благоја Стефановски, Драган Поповиќ, Бранко Арсовски и Димитрие Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Миљовски.

Дали се повлекува амандманот?

Молам, повелете некој од предлагачите на говорница.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, со оглед дека Министерството за финансии бараше образложение од каде би ги вовеле тие средства,, направен е нов амандман доставен е само до секретарот за една минута ќе биде поделен.

XIII/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Томислав Стојановски.

Го повлекуваат.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 12, поднесен од пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Слободан Даневски, Зоре Темелковски, Владе Давитковски, Благо;а Стојковси, Благоја Стефановски, Драган Поповиќ, Бранко Арсовски, Димитрие Поповски, Алил Џаферовски, Александар Гештаковски - се извинувам, грешка е г-дин Гештаковски, Љубомир Чадиковски, Никола Поповски, Никола Р. Поповски, Благоја Филиповски, Димче Настовски, Туше Гошев, Горѓи Атанасов, Вељо Тантаров, Рубинчо Белчев.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Амандманот предлага да се префрлат средства за врвниот спорт, а да се земат од стабилизационииот фонд. Владата го одбива овој амандман од причина што ја испитавме ситуацијата и според наша проценка средствата што се ставени за врвен спорт апсолутно ќе бидат доволни до крајот на годината да се обават сите активности, а стабилизационииот фонд е целиот наменет за точно одредена намена. Имено, тој во редовни интервали мора да се префрли како резерва во Народната банка и тоа е еден од столбовите на целата монетарна политика. Од тука уште еднаш го одбивам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Благоја Стојков.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, го потпишав амандманот, меѓутоа, не молев да станувам да зборувам, но излагањето и последните зборови на министерот дека столбот на целата проекција се 11 милиони денари кои ги бара овој амандман, ме натераа да станам нешто да кажам. Ако целата политика ни се оснива на овие 11 милиони денари и ќе го разрушиме Буџетот, навистина не треба тогаш како пратеници за ништо да дискутираме.

Амандманот го потпишав од 2 причини. Првата причина е односот спрема областа спорт. При проекција на буџетот исто така моравме да делуваме со амандманот за да обезбедиме некои минимални средства, средства за целиот спорт, за она што прибира млади луѓе, што не ги остава на улици, не ги остава на денешните пороци, се 126 милиони денари проектирани со Буџет и сега најголемото скратување не од Министерството, не верувам за финансии дека е тоа, се во област за физичка култура со 20%. Во другите раздели од Министерството за образование и физичка култура се 67%, тука се точно 20%. И уште една работа. И во тие 20% - за тоа реков дека не верувам дека е од Министерството за финансии - најголемото скратување е во спортските активности, она за кое сакаме да ги дадеме парите младите да спортуваат и да не претставуваат надвор 30% и во одржување на објектите кои ги изградивме преку месните самопридонеси. Тука пак скратувањето е 50%. Мојата реакција е и на ова скратување, меѓутоа и на скратувањето внатре во самиот оддел - Физичка култура.

Втора причина што го потпишав амандманот ми беше токму во ова спротивното на министерот. Го потпишав затоа што се работи за 11 милиони денари, кои се главно потребни за да обезбедиме пари за да нашите спортисти можат да извадат визи за да отидат надвор и да не

претставуваат. А колку бевме синоќа среќни, колку бевме во сабота среќни, што оваа мала и убава држава се гордее со победи над многу големи држави во спортот, а сме способни да правиме такви победи, но не со вакви мали средства. Или, го потпишав заради тоа што сметав дека нема да ја рушат проекцијата на буџетот со 11 милиони денари. Ако беше овде поставено прашање за оние 300 милиони денари, бидејќи сум од земјоделци, кои се намалуваат во земјоделството како регрес за семе, регрес премии за производство, морав да размислам затоа што 300 милиони денари се навистина многу, меѓутоа, со две раце би потпишал за развој на земјоделството. А сметам дека министерот за земјоделство, бидејќи си го прифатил пак во тоа решение, тој си има најдобра проекција за развој на земјоделството, тој амандман немаше да го потпишам, а овој амандман го потпишав и мислам дека треба да го изгласаме бидејќи се работи само за 11 милиони денари. Во моето потпишување не наведовме од каде ќе ги земеме средствата, сметајќи дека министерот ќе има едно вакво разбирање, дополнително Маријан изнашол од каде, меѓутоа, не верувам дека тие 11 милиони денари ќе го разрушат столбот на стабилизацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Иван Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине потпретседателе, драги колеги, јас во целина ги прифаќам образложенијата и потребите за ребаланс, а го потпишав и го поддржувам овој амандман од следниве причини.

XIII/5

Сметам и знам дека проблемот на спортот е комплексен проблем, особено во една сиромашна држава како што е нашата и во ваква ситуација во каква сме, а мислам дека и денес доволно ја опишавме со самиот факт што имаме ваков евидентен г:ад ка производството и пад на животниот стандард на вработените. Мене ми се јасни можностите на државата за следење на спорот и за потребите на спортот, меѓутоа, тврдам дека во една ваква ситуација спортските резултати на нашите спортисти се далеку пред условите во кои работев и можностите кои ги обезбедува држава. Сето тоа е резултат на талент и една самопрегорна и добра работа на спортистите, па би рекол и фанатична работа на спортските работници кои во овие не прилики и вакви состојби обезбедуваат колку толку средства нашите спортисти сепак да успеат да настапат на меѓународни манифестации. Недостаток е што државата преку Министерството нема утврдено јасна политика што е тоа што е државен интерес во спортот и кои спортски активности и манифестации ќе ги покрива државата преку покривање на сите неопходни трошоци за да останатото што не е од поголем или општествен државен интерес го спроведува секој сојуз според своите можности.

Долго време сум во спортот и за илустрација само да ви кажам дека за една врвна екипа до Републикава, која е способна да се натпреварува во европска и светска конкуренција, државата годишно покрива меѓу 3% и 6% од потребите и трошоците што ги прави една таква екипа. Тоа е во континуитет долго години station наназад така. Во една таква ситуација, на почетокот на годината, издејствувавме со амандман зголемување на ставката за меѓународни активности во спортот, се со цел и бевме сите убедени дека на тој начин подостојно нашите спортисти ќе не презентираат во светот.

XIII/6

Сега каков апсурд произлезе од предлогот во ребалансот и овие ставки што ги гледаме дека изгледа не требало тоа зголемување, бидејќи тие средства фактички не се потрошени.

**ИВАН БОЈКОВ:** (продолжение)

Меѓународните активности се големи и како што стои во образложението дури поголемиот дел од нив во овој посебен квартал сојузите мака мачат со тоа дали ќе успеат некоја селекција га пратат на некоја манифестација или сите тотално ќе се обрукаме таа селекција нема да учествува, а произлегува дека министерствово воопшто немало активности да и оние средства што се предвидени во Буџетот со контактите во Министерството за финансии да ги обезбеди. Во една таква ситуација по извесно е дека спортот треба да го прати државата преку посебно министерство за спорт кое е професионално и стручно ќе си ја обавува својата работа од интерес на спорт.

Од тој аспект го молам министерот и Министерството да имаат малку повеќе усет за спортот и за потребите на нашиот граѓанин за спорт, а ние пратениците сме луѓе од народот, живееме со проблемите на луѓето, со тагите, со радостите, па и со оние радости што ги приредува спортот и знаеме каква сатисфакција е тој спорт особено тогаш кога имаме убави резултати значи за овој наш мал народ и посебно во овие услови. Не е страшно на оваа говорница дури и да споменеме што значеше пред некој ден освоената титула европски првак на "Јака" од Радовиш, па дури со аплауз да ја поздравиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, честа не ни дозволува од еден колега кој е тука присутен она што се случи во саботата со Радовиш, јас зборував за културата, не дадов амандман зошто не сме зеле четири месеци превоз, зошто не сме зеле не знам што, зошто ни доцни платата, но она што се случи во саботата и она што се случи вчера т.е. завчера не ми дозволува едноставно не можам да

сфатам во тие седум ипол милиони државата да биде толку осиромашена да може тој меѓународен спор да добие и на Чифлиганец му се извинувам ако не можат да ја бранат титулата еве од оваа говорница му се извинувам јавно и покрај тоа што мислам дека има некое недоразбирање конкретно или некој каприц не ми е јасно, но само толку мислам дека доволно кажав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

Јас би сакал да дадам само уште едно образложени, минатата година кога го усвојувавме Буџетот кажавме исто амандмански поминаа 4 милиони. Овие средства кои се сега намалени за 50%, 4 милиони 017 илјади денари дека тие средства треба да се користат во ноември и декември оваа година, дека се наменски средства за квалификации за европски првенства, светски првенства и учество на пливачите на светското првенство во Бразил. Тогаш стана г-динот Димитрија Поповски и образложи дека тој циклус и тие средства ќе требаат во четвртото тримесечје. Сега одеднаш гледајќи или правејќи анализа на картиците од Министерството за финансии во Министерството за образование и физичка култура е пронајдено дека средствата од 4 милиони 017 илјади денари не се потрошени и автоматски не знам со кој надлежен е разговарано дека не се потребни средства за овие два месеци, јас одговорно ќе кажам дека веќе 4 месеци ни еден спортски сојуз нема до-биено средства со образложение дека барањето од Комисијата за квалитетен спорт се поднесени до Министерството за финансии, но се уште одговор нема. Денеска слушнавме друг одговор дека Министерството за образование и физичка култура нема доставено барање до Министерството за финансии. Не знаеме каде е куршлусот.

Друго, не се работи за 11 милиони туку ако и во спортот се прави ребаланс за 14 или 15% и спортот направи ребаланс за тие 15%, па не се 11 милиони, туку даде нов амандман за 7,5 милиони денари. Мислам дека пратениците треба да го усвојат ова наше барање, а министерот да најде барем можности да помогне и на спортот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Поповски.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Почитувани колеги, како потписник на амандманот излегувам да дадам едно навистина мое чудење министерот да тврди дека има доволно средства за да се покрие програмата до крајот на годината за меѓународните активности. Ако беше така, верувајте не ќе бев потписник на овој амандман, Во овој момент има барање на кое ни е од- говорено нема средства, Има рестрикции и тоа е тоа. Ова што се бара овде во амандманот значи само 0,55% средства од таму да се пренаменат за оваа намена. Јас навистина очекувам дека ќе наидете на разбирање не само вие, туку и сите пратеници и очекувам да се изгласа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (40) Дали е никој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (12)

Молам точен број на присутни пратеници во салата? (70)

Значи, некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3 раздел 12 поднесен од пратениците: Марјан Начевски, Иван Бојков, Слободан Даневски, Зоре Темелковски, Владе Давитковски, Благоја Стојковски, Благој Стефановски, Драган Поповиќ, Бранко Арсовски, Димитрија Поповски, Алил Џаферовски, Љубомир Чадиковски, Никола Поповски, Никола Р. Поповски, Благоја Филиповски, Димче Настевски, Туше

Гошев, Горѓи Атанасов, Вељо Тантаров, Рубинчо Белчев.

Има збор г-динот Миљовски, министер во Владата.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Барам да се прекине седницата на Собранието за да из- вршам консултации со Владата како Владата ќе го прифати ова рушење на Предлогот на буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза од 15 минути.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Не, не прекин на седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имате можност г-дине министре. Ве молам, за овие одлуки, за избор на судиите да продолжиме дури министерот изврши консултации.

Инаку, амандманот е усвоен.

Ве молам, продолжуваме со работа. Така се договоривме на почетокот. Рековме точката 11 да ја гледаме како точка 3.

Преминуваме на **точката 11** - Предлог на одлука за определување бројот на судиите во апелационите судови.

Предлогот на одлуката, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес .

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман (ве молам за малку трпение) .

Амандманот се повлекува.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандман на дел I точка 2, по кој предлагачот не се изјаснил.

Пратениците Санде Давчев, Мирко Иванов, Љупчо Беличев и Илија Каров поднесоа амандман на дел I точка 3, по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на дел I точка 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам предлагачот на одлуката да се произнесе.

Има збор г-динот Демишковски, претседател на Врховниот суд на Македонија.

**ДИМИШКОВСКИ ДИМИТАР:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, изразувајќи почитување кон напорот на предлагачот на овој амандман Врховниот суд на РМ не го прифаќа овој амандман. Имено, станува збор за тоа што за определување на бројот на судиите поради немерливите работи за скопскиот апелационен суд се предвидени 35%. Поголемиот процент за определување на бројот на судиите за немерливите работи во апелациониот суд во Скопје за 5% повеќе од другите два апелациони суда секако не произлегува од некој хиерархиски однос помеѓу овие судови, туку е резултат на определени разлики што постојат во повеќе параметри меѓу овој и другите судови од ист степен. Доволно е овде само да се истакне дека подрачјето на овој суд опфаќа 67% од територијата на Републиката, а речиси половината од основните судови

12 од вкупно 27 влегуваат во составот на неговото подрачје. Околу 2 третини од надлежноста на сегашниот Стопански суд на Македонија и Републичкиот суд за прекршоци преминуваат на апелациониот суд во Скопје. Покривањето на главниот град на државата и другите економско јаки центри како и опфаќањето на основни судови чии подрачја допираат до сите граници на државата предизвикува решавање на предмети со посебна сложеност и значење во сите области на судското одлучување. На овој суд му е доверена и работата околу регистрирањето на политичките партии.

Тргнувајќи од ова при утврдувањето на бројот на судиите за вршење на немерливите работи не може да се појде од исто мерило како и за другите два суда. Затоа зголемениот процент е настојување овие специфики да најдат свој одраз и врз определувањето на бројот на судиите по овој основ. Од овие причини не го прифаќаме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Видимче.

Молам за малку трпение.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со целосен респект кон предлагачите на овој предлог и нивната желба најстручно и најдобро да ги завршат своите работи јас сепак стојам на мислење дека ова што стои во амандманот е во ред и би сакал да ви објаснам зошто така мислам да ве убедам и вие заедно со мене да го поддржите овој наметнам

Имено, се работи за следното.

Заедно со предлогот за утврдување на бројот на судиите во апелационите судови добивме и една анализа односно образложение зошто и како е стигнато до предлогот на бројот на судиите.

Во таа анализа на многу добар и коректен начин многу систематичен начин се определени потребните броеви на судии по сите области кои ќе ги покрива работата на апелационите судови., На тој начин се доби една основна бројка која треба да претставува јадро на основа на кое ќе се дефинира натамошниот број на судиите. Но, на крајот од сето тоа пресметување и аналитика се наоѓа една ставка која се вика "за немерливи работи". Иако нејзиното име е за немерливи работи сепак некако се измерила таа ставка. Имено, за апелациониот суд во Скопје таа ставка се измерила да биде 35%, за апелациониот суд во Битола 30% и за апелациониот суд во Штип 30%. Би сакал малку да елаборирам околу сето тоа,. Имено, трите суда , бидејќи исто се викаат апелациони, апсолутно се на идентично ниво во судската хиерархија и со идентични компетенции и ингеренции. Спрема тоа, тие се три идентични судови во правосудниот систем. Од тој аспект воопшто нема оправдување за тие 35% во однос на 30 во другите општини. Како прво .

Второ, тоа што се елаборира дека во апелациониот суд во Скопје заради зголемен обем на работа, заради зголемен прилив и слично има повеќе работа и заради тоа би кажал следното. Стојат аргументите дека има поголем обем на работа, но стои и тоа дека заради тој зголемен обем на работа во анализата веќе судот добил потресен број на судии и согласно на тоа тој веќе во стартот има 35,73 судии во ана- лизата и сега испаѓа на тие 35 кои веќе ги има дека е голем суд му додаваме уште 5% затоа што бил голем. Со процентите само додавање од одредено оптоварување така што со процентите не би требало да ја дефинираме големината на судовите.

Многу е индикативно во сета оваа работа и следната компарација. На претходната страница на страница 6 од образложението стои дека подрачјата на судовите кои сега се формираат доставиле до Врховниот

суд свое мислење и предлози колку по нивно мислење треба да изнесуваат броевите на судиите. За ваше потсетува&е ќе ви кажам.

За апелациониот суд во Скопје е предложено тој број да изнесува 30, а усвоено е 49. За апелациониот суд во Битола од судовите на Битола да бидат 31, а усвоени се 24, додека за апелациониот суд во Штип предложени се 23, а усвоени 15. Претворено во проценти предлогот за апелациониот суд во Скопје е усвоен со 98% , предлогот за апелациониот суд во Битола со 77% и предлогот за апелациониот суд во тип со 65%.

На сето ова се додаваат уште 5% разлика за апелациониот суд во Скопје. Што е многу, многу е. Додаваме на сека~е.

Во делот каде е предлагањето ако се имаше предвид или не знам што се имаше кога за подрачјето на град Скопје со предложените 50 се усвоија 49, а за другите со многу помал процент се усвои дали се одеше на тоа предлозите од другите општини се недобри или невалидни или во што е работата, не знам. Во секој случај факт е дека предлозите од Штип и Битола се земени со многу помала мера во разгледуваше и плус процентот е намален . На Комисијата за внатрешна политика кога разговаравме беше предложена една варијанта тој процент да биде изедначен секаде 30%. Но во тој услов добиваме во Скопје да се губат 2 судии по малце и веднаш имаше реакции од Министерството за правда во смисла дека нема да може да се задоволи работата и јас го прифатив амандманот во овој облик со желба критериумите за бројот на судиите во сите апелациони судови да ги изедначиме, да им дадеме шанса на сите судови да бидат мерени со ист аршин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека Одлуката за определување на бројот на судиите во апелационите судови во Република Македонија, треба да се поддржи во целост онака како што е предложена од предлагачот. Не од причини што верувам и дека е најдена апсолутна мерка за бројот на извршители- те односно за бројот на судиите во тие апелациони судови, туку од причини што до тие бројки е дојдено врз основа на определени параметри кои имавме можност да се запознаеме од самиот предлог овде во излагањето пред овој Парламент. Всушност работата на апелационите судови со подрачјата нивни како што се определени со Законот за судовите и обемот на таа работа е променлив акт со текот на времето и верувам дека ова Собрание, а и надлежните судови пред се Врховниот суд во иднина, доколку се утврди потреба за одреден апелационен суд да се зголеми или намали бројот на судиите, дека таа работа ќе ја следи и дека благовремено ќе реагира со свој предлог пред ова Собра- ние.

Начинот на лицитирање за бројот на судиите во овие судови а и нормално во другите судови е недозволиво и мислам дека е тргнат по правиот пат да се усвои онака бројката како што е предложена од предлагачот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, дами и господа, јас мислам дека амандманот е оправдан и дека треба во апелациониот суд во Битола со еден број на судии да се зголеми. Мислам дека постојниот, досегашен а знаејќи ја досегашната работа на овие судови, со новиот закон битно се менува надлежноста и работата

XV/2.-

на судовите, имајќи предвид дека судството многу доцни, па да биде поажурно за да може да одговори на граѓаните и на барањата на граѓаните да се решаваат поефикасно и побрзо. Државата нема да биде оштетена за личните доходи и за другите трошоци за еден судија. Амандманот мислам дека е оправдан и за амандманот би гласал. Исто така, би предложил Собранието да го усвои овој амандман за апелациониот суд во Битола да се зголеми за еден судија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака ?

22 пратеници гласаа за.

Кој е против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? )Нема)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на дел I точка 2 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на дел I, точка 3, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Давчев го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на дел I, точка 3, поднесен од пратениците Санде Давчев, Мирко Иванов, Љупчо Беличев и Илија Каров.

Го молам предлагачот на Одлуката да се произнесе.

Г-дин Димишковски има збор.

**ДИМИТАР ДИМИШКОВСКИ**

Почитувани пратеници, Врховниот суд на Република Македонија и овој амандман не го прифаќа и тоа од следниве причини:

XV/3.-

При утврдувањето на Предлогот за бројот на судиите во апелационите судови се тргна од единствени извори на податоци за очекуваниот обем на работа и од единствен ориентационен број на предмети што го определува работниот капацитет на судијата за сите апелациони судови, а во тие рамки и за апелациониот суд во Штип.

Околноста што на подрачјето на апелациониот суд во Штип се формира нов основен суд во Виница и судско одделение во Пробиштип секако дека му беше познато на предлагачот на Одлуката, но тоа не е од влијание за определување на бројот на судиите во овој суд. Ова затоа што овие подрачја и досега жалбените предмети доаѓале на разгледување во Окружниот суд во Штип и тие се земени предвид при утврдувањето на бројот на предметите, кои по жалба биле на решавање во овој суд.

Од друга страна околноста дека општинскиот суд во Струмица и Окружниот стопански суд во Штип не биле ажурни и поради тоа не бил реален бројот на жалбените предмети што се очекува од овие судови, општата седница ја имаше предвид при утврдувањето на предлогот и од тие причини се предложени двајца судии повеќе од бројот што произлегуваше од податоците за приливот на жалбените предмети во овој период.

Треба да се напомене дека при оваа оценка учествуваше и досегашниот претседател на Окружниот стопански суд во Штип кој е сега член на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.

Во однос на забелешката на подносителот на амандманот дека бројот на жалбените прекршочни предмети се очекува да ти решава апелациониот суд во Штип е неточен и е поголем од тој прикажан од Врховниот суд укажуваме дека при утврдувањето на предлогот се користени официјални податоци на Републичкиот суд за прекршоци и тие

се база за сите апелациони судови. Затоа, таа бројка ја сметаме за точна. Податоците што се прикажуваат во образложението на амандманот не можат да се прифатат како основ за определување на бројот на судиите и поради тоа што се однесуваат само за една година 1994 предлогот на Врховниот суд се базира на просечниот годишен прилив на предмети за период од 5 години. Поради тоа не го прифаќаме овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Давчев има збор.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, морам да дадам доволно аргументи за да бидам реално сфатен, бидејќи земани податоци со кои оперира Врховниот суд мислам дека се недоволно за да се оцени потребата од бројот на судиите во апелациониот суд во Штип.

Еден од податоците кој е многу битен, тоа е бројот на жителите. Ако го споредиме, на пример, бројот на жителите во Битола кој ги опфаќа овој апелационен суд, тоа е 440.898, во апелациониот суд во Штип 320.336, тогаш треба да има 19 судии. Во апелациониот суд во Штип опфаќа 9 општини, а во Битола 7 општини. Не алудирам дек во Битола треба помалку, туку сакам да ги образложам сите аргументи дека во апелациониот суд во Штип се недоволни овие судии и тоа ќе предизвика едно незадоволство меѓу граѓаните од овие општини.

Втора причина, ја истакна и претседателот на Врховниот суд тоа е бројот на намалените судии во Струмица и во другите општини кои се под апелациониот суд во Штип. Ние знаеме дека неколку години не бираме судии. Тоа беше многу изразено во општините од Источна Македонија, поготово во Струмица. Во Струмица општинскиот суд има заостаток од 6.362 предмета. Тоа значи ако еден судија суди 20

предмети, за 11 месеци му треба на еден судија да ги пресуди 20 или 9 години. Додека од областа на прекршоците, јас не знам зошто не се земени овие податоци кога се знае дека минатата година од втор степен има број 1.704,- а сега до крајот на годината се предвидува 907, значи помалку отколку минатата година. Тоа е невозможно да се предвиди во таков број овие прекршоци.

Четврто, ако се направи анализа од надлежноста на стопанските судови ќе се види, на пример, за споредба бидејќи тука се поблиску Битола, за споредба ми беше Битола. Не може да има во Штип 1.689 предмети, во Битола 3.155, тоа значи некаде дупло. Врховниот суд не го има предвид податокот дека Стопанскиот суд во Битола ги судеше предметите од 1995 година, а Стопанскиот суд во Штип поради заостаток на број на судии ги судеше досега предметите од 1993 година, а сега почна да ги суди предметите од 1994 година. Тоа предизвика и да има помал број на жалби, бидејќи од 1993 година предметите беа со многу мала вредност, секој секого тужеше и автоматски на тоа и не се жалеше. Поради тие причини кои ги наведов, мислам дека треба бројот на судиите во апелациониот суд во Штип да биде 17.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Г-дин Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, мислам дека направивме еден пропуст со Битола, а сега можеби и вториот пропуст со Штип. Јас не сакав многу да ги замарам пратениците, заради тоа што мислам дека се познати работите кои што ги има надлежностите апелациониот суд во Штип и кадрите со кои што располага мислам дека беа доволно изнесени аргументи и податоци што овој суд има заостанати

предмети од поранешни години во однос на Стопанскиот суд, заостанати предмети во однос на прекршочните судови, како и зголемениот број на ваквите предмети. од друга страна неажурноста на судот, заради тоа што нема можност да се решат предметите, негодувањето на граѓаните, доаѓаат го чести ургенции да се ургира, не како да се реши предметот, туку предметот га се реши. Па, замислете во Виница 7 години предмет нареден и еве какви немили сцени се случуваат и други што се настанати, не би сакал да ги изнесувам. Меѓутоа, мислам дека е оправдано да се гамени бројката од 15 на 17 судии во апелациониот суд во Штип, имајќи во предвид работењето што го има досега. Во иднина ако тој број е многу голем, па може да се замени , односно да се намали, да се промени одлуката, оваа одлука не е статична, туку е динамична одлука Така, мислам дека амандманот е оправдан и молам пратениците да гласа за овој амандман. Да се зголеми бројот од 15 на 17 судии.

Не, не, ме изненадува претседателот на Врховниот суд како можеше овие податоци кои се присутни, да даде други спротивни аргументи за неажурноста на судот. Мислам дека судот мора да биде ажурен ако сакаме да спроведуваме правни одлуки, односно ако сакаме да имаме правна држава и ако сакаме незадоволството кај граѓаните да се намали.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на дел I точка 3...

XV/7.-

За збор се јави г-динот Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Барам поединечно гласање, бидејќи сметам дека и немаме кворум во салата и д се провери кворумот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници што го поддржуваат предлогот? (Нема)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на дел I, точка 3 поднесен од пратениците Санде Давчев, Мирко Иванов, Љупчо Беличев и Илија Каров.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Молам да се провери кворумот во салата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам да се провери кворумот, да се избројат пратениците во салата.

62 пратеници се присутни во салата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Мислам дека Одлуката не треба да се прифати, како таква да се одложи, да се направи ревизија на предметите, повторно да се утврди бројот на потребните судии во овие судови. Значи, барам пратениците да не ја изгласаат одлуката, а да се изврши ревизија, контрола и навистина да се утврди бројот на потребните судии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

44 пратеници гласаа за.

Молам, кој е против? (тројца)

Молам, кој се воздржува од гласање? (14).

Констатирам дека Собранието ја донесе од.-уката за определување бројот на судиите во апелационите судови.

Минуваме на <u>**точката 12**</u> - <u>Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на Предлогот ка одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

50 пратеници гласаа за.

Молам, кој е против? (никој)

Молам кој се воздржува од гласање? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување и избор на судии на апелационите судови.

XV/9.-

Минуваме на **точка 13** - Избор на судии на Врховниот суд на Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? Г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе гласам за оваа одлука, меѓутоа сметам дека е потребно Парламентот да укаже ка предлагачите на кадровските листи за највисоките судски инстанци дека бројот на жените кои се застапени во врвните судски органи во државата е недоволен и дури е испод минималниот број кој треба да има некаков соодност и мислам дека тоа треба да се има предвид, иако во овој случај повторно се запазува принципот да имаме, како и во Парламентот каде што ние не можеме да влијаеме, меѓутоа имаме убедливо машки состав на судските органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласан>е.

Пред да преминеме на гласање, молам уште еднаш информација за присуство на пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се провери бројката на присутните пратеници во салата.

67 пратеници се присутни во салата.

Предлогот Владимир Бабунски да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој е воздржан? (Никој)

Констатирам дека Владимир Бабунски е и;:ран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот Зирап Лимани да биде избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали е некој воздржан? (никој)

Констатирам дека Зирап Лимани е избран за судија на Врховниот суд на Република Македонија.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа.

Давам пауза од 15 минути.

(Седницата прекина во 17,35 часот и паузата траеше до 18,35 часот).

Продолжуваме со работа.

Молам да се утврди бројот на присутните пратеници во салата.

XVI/2.-

Според известувањето во салата има доволен број пратеници за работа на Собранието.

Бидејќи сме известени дека Владата на седница го прифатила амандманот, станува збор само за префрлање во друга позиција а не за што гласал парламентот за тој амандман, инаку е прифатен амандманот од Владата, а предлагам да работиме по седмата точка додека се умножи материјалот. Кога ќе дојде амандманот веднаш се враќаме на законот за ребаланс на буџетот.

Минуваме на **точката 7** – Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за издавачка дејност со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржен? (нема)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница

да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Законодавно - правната комисија поднесе амандман за до- давање нов член 14-а со кој се согласил предлагачот на законот и тој се составен дел на текстот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за менување на член 7 и за бришење на член 12 по кој предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен на ЗКП.

Го молам предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

После неколку консултации што се направија оценив дека треба да се прифати амандманот на ЗПК и дека она што во членот 7 со кој членот 9 се менува и гласи како е наведено, нема потреба да се регулира со овој закон и треба да се оцени евентуално со друг закон ако има потреба да се регулира, меѓутоа не и со овој закон. Амандманот го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 12 поднесен од ЗПК

Има збор Г-дин Поповски

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Со прифаќањето на првиот амандман логично и овој амандман се прифаќа.

XVI/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучуван претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за издавачката дејност.

Минуваме на **точката 14** - Предлог за разрешување на судија на Општинскиот суд во Струмица.

Предлогот на Републичкиот судски совет 5и е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор господин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Бидејќи во претходната расправа доста се зборуваше за Општинскиот суд во Струмица дека многу дела не се решаваат заради тоа што имаме огромно отсуствување на судиите, а нивна замена не е најдена, мојот предлог е оваа точка да се одложи односно да не се усвои предлогот да се разреши судијата во Општинскиот суд во Струмица се до избор на судии во основните судии во Републиката. Причината е многу јасна зошто некаде од 18 судии сега имаме 9 или 10 и практично работата на судот е закочена, а мене воопшто не ми е јасно зашто за тие судии не е извршен избор заради тоа што не беше донесен законот за судовите, но ситуацијата во Општинскиот суд во Струмица станува алармантна и предлагам ако е можно свој проблем да го одложиме до

изборот на судии во основните судови на ниво на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да ве потсетам само за барање поради исполнување на условите старосна пензија.

Има з бор г-дин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот беше на Комисијата за избори и именување и мислам дека овој факт не беше истакнат, но не зависно од фактот, ние со некои пратеници сега во паузата од Струмица го истакнаа тој факт дека во основниот суд во Струмица постои сериозен недостаток на судии за работа и мислиме дека тој проблем може да биде надминат со Институтот на делегирање на судии од другите основни судии во Република Македонија. Инаку, доколку беше овој факт истакнат во претходната постапка може би ќе требаше да се провери фактот преку Министерството за правда и јас мислам дека ќе нема проблем основниот суд во Струмица и понатаму да ја обавува основната дејност дека се работи за престанок на работен однос по сила на закон, затоа што дотичниот г-дин ги исполнува условите за пензија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот к Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Александар Хаџи Јанков е разрешен од функцијата судија во Општинскиот суд на Струмица поради исполнување услови за стекнување право на старосна пензија.

XVI/6.-

Минуваме на **точка 1**5 - Предлог на одлука за разрешување од функцијата Јавен правобранител на град Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Нема)

Дали некој се воздржува?(Не)

Констатирам дека Јован Ичев е разрешен од функцијата јавен правобранител на град Скопје по негово барање.

Минуваме на **точка 16** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на Јавниот правобранител на град Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на одлуката и ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеника гласаа за.

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржани нема)

Констатирам дека Иван Чукиќ е разрешен од функцијата заменик на Јавниот правобранител на град Скопје по негово барање.

XVI/7.-

Минуваме на **<u>точка 17</u>** - <u>Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентот на СР Германија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлог одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот одлуката и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за одлуката.

Дали има против? (Нема)

Дали има воздржани? (5)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентот на СР Германија.

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентот на обединетото кралство Велика Британија</u> и Северна Ирска.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор?

Има збор, г-динот Милчо Трајков.

Бидејќи се работи за моето име, дозволете едно кратко појаснување. Претпоставувам дека тоа и оваа измена следи заради тоа јас фигурирам во уште една пратеничка група и тоа пратеничката рупа за соработка со парламентот на Р Франција. Ја поддржувам оваа измена со

една ограда и се надевам дека и во иднина овој принцип ќе важи и тоа не само за формирање на пратенички групи туку и за формирање на делегациите при ОБСЕ, Европската унија, Советот на Европа. Доколку тој принцип биде прекршен тогаш ќе бидам против?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Само една принципиелна забелешка во однос на овие групи и кога ги формираме овие групи и треба парламентарките групи да ја отсликуваат состојбата во нашиот парламент. Тоа значи дека во секоја група за соработка во парламентот за било која држава треба да има членови од сите парламентарни групи, затоа што и во тие други држави каде што се формираат такви парламентарни групи исто така ја отсликуваат состојбата на самиот парламент. Ниту во парламентарната група за Германија ниту во групата за Англија нема претставник од Социјалистичката партија. Затоа пред малку ние гласавме и воздржано, а веројатно и сега ќе гласаме за ова, и ако е измена, меѓутоа во Германија има јака социјалистичка партија, социјал - демократска и во Англија исто така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот ка одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам текстот на предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за одлуката.

Дали има некој против? (нема)

Дали ма воздржани? (7)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за основање на Пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со парламентот на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска.

Минуваме на **точката 19** - Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Албанија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот на текстот на предлог одлуката и ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

51 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани (7).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Албанија.

XVI/10.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за национална историја - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3)

Дали има воздржани?(2)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за национална историја - Скопје.

Минуваме на **точката 21** - Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (5)

XVI/11.-

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Македонската филхармонија.

Минуваме на **точката 22** - Предлог на одлука за разрешуваше и именување претставник на Република Македонија во Советот на Народната и Универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претставник на Републиката во Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

**Точка 23** - Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Битола.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и ЗПК , Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, и Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа "за".

Кој е против?(Ниту еден).

Кој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност за Статутот за Јавната здравствена организација "Завод за здравствена заштита" - Битола.

Со ова всушност завршивме со оној дел што е исклучиво во наша надлежност на Собранието.

Амандман е стасан, еве сега се умножува, јас молам за малку трпение да ви се подели амандманот.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 3 раздел 8 и на член 3 раздел 12 и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување на Буџетот на РМ за 1995 година.

Отворам претрес по Амандманот на член 3 раздел 23-03 поднесен од пратениците Марјан Начевски, Иван Бојков, Слободан Даневски, Владе Давитковски, Благоја Стојковски, Благој Стефановски, Драган Поповиќ, Бранко Арсовски, Димитрие Поповски, Алил Џаферовски,

Љубомир Чадиковски, Никола Поповски, Никола Р. Поповски, Благоја Филиповски, Димче Насевски, Туше Гошев, Горѓи Атанасов, Вељо Тантаров и Рубинчо Белчев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман. (аплауз).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1995 година. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот за изменување и дополнуваше на Буџетот на РМ за 1995 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
68 пратеници гласаа за.
Кој е против молам? (Ниту еден)
Кој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РМ за 1995 година.

За денес завршуваме, а продолжуваме на 7, во вторник во 10,00 часот.

(Седницата заврши во 19,20 часот).